СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.04.1996 г.**

Дневен ред: Пратенички прашања

1. АБДИ ФАИК -18, 19, 91, 92
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 21, 23, 24, 66
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-ЗО
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 11, 13, 76, 78, 80, 83, 96, 102
5. БОЖИНОВСКИ ЈОРДАН - 65
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 2, 3, 4, 53, 54, 55
7. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 27
8. ДАВЧЕВ САНДЕ - 5
9. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 29
10. ДИМОВ ЛАЗАР - 72
11. ЖУТА БЕКИР - 20, 21, 42, 44, 51, 58, 69, 71, 98
12. ИЛИЕВСКИ МИТКО - 106
13. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 58
14. КАРОВ ИЛИЈА - 12, 47, 50, 71, 72
15. КАДРИУ ЗЕЌИР - 14, 45, 46
16. КОСТАЌЕВ БОРИС - 43
17. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 50
18. КАРОВ ЗВОНК - 68
19. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 85, 84, 87
20. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 112
21. МАЉИЧИ НАЗМИ - 31
22. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 66
23. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 111
24. МИНОВ ПАНЧО - 113
25. МИЛОШЕВСКИ НАУМ - 121
26. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 103
27. НАУМОСКИ ВАНЕ - 118
28. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 122
29. ОСМАНИ РУФИ - 5, 39, 42
30. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 8, 50
31. ПАРАЌЕОВ БРАНКО - 24
32. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 32, 37
33. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА - 45, 49, 117
34. РАМАДАНИ САЛИ - 9, 98
35. РАМАДАНИ ХИСЕН - 59
36. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 10, 12, 63
37. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 16, 18, 78, 80, 82
38. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 26, 104
39. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 27
40. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 64
41. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 120, 121
42. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 122
43. ТОДОРОВА СОФИЈА - 17
44. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 20, 93, 95
45. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 88
46. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 101
47. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 119
48. ФИТИ ТАКИ - 4
49. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 93
50. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 35, 37, 38
51. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 73, 75, 76, 77, 113
52. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 13
53. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 7, 17, 19, 23, 25, 39, 33, 97, 110, 116
54. ШАЌИРИ ХИСНИ - 46
55. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 107

Крај на седницата!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 април 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Р публика Македонија (сала број 1), со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски. претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Николина Трајановска, Јован Србиновски, Атанас Вангелов, Рубинчо Белчевски, Алил Џафероски и Драган Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Преминуваме на пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија дос- тави одговори на пратеничките прашаља на пратениците Ристо Трајков, Мирко Трипуновски, Зекир Кадриу, Благоја Стојковски, Фаик Абди, Руфи Османи, Владимир Станковски, Хисни Шаќири, Бранко Арсовски, Вељо Тантаров, Иван Бојков, Санде Давчев, Здравко Стојковски, Назми Мљичи, Томислав Стојановски, Исмет Рамадани, Рами Туда, Џеладин Мурати, Димче Настоски, Тодосија Паунов, Сали Рамадани, Кире Видимче, Ристо Николовски, Митко Ристевски, Дане Милошевски, Славко Котевски, Александар Јакимов, Бранирод Михајловски, Милчо Трајков,

Владимир Соколовски, Борис Костаќев, Хисни Шаќири, Илија Каров, Зоран Шапуриќ, Газменд Ајдарага, Љубомир Чадиковски, Сејфедин Харуни, и Јован Лазаров.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, драги колеги да се потсетиме прашањето кое јас го поставив на Дваесет и деветтата седница на 21 ноември 1995 година гласеше: Кога Владата на Република Македонија мисли да ги исплати средствата наменети за настраданите и оштетените од земјотресот во општина Битола и другите општини од тој регион, што се случи на 1 септември 1994 година. Одговорот што јас го добив на 27 март, односно четири месеци по доставувањето на прашањето, односно 120 дена после доставување на прашањето се состои од 33 реда со се потписот и името на градот. Значи на Владата и требаше по четќртина ред на ден да напише за одговорот.

Второ, во одговорот што е даден воопшто не одговара на прашањето кое јас го поставив, односно само се начнаа и други прашања и проблеми од оваа област. Имено, јас со прашањето децидно прашав и се повикав на Одлуката на Владата донесена на 7 октомври 1994 година кога заклучија на име на заштита, обезбедување на заштита на настраданите во земјотресот да се издвои еднодневна заработувачка од Фондот за солидарни потреби на Република Македонија. Во Одлуката стои еднодневна заработувачка. Во "Службениот весник" број 64 од 8 деќември 1994 година стои Одлука со која за оваа на- мена се издвојуваат точно 100 милиони денари, така што нема шанси да се погоди, се поклопи сумата од еднодневна заработувачка со сумата од 10 0 милиони денари. И во одговорот што јас го добив никаде не стои колку изнесувала еднодневната заработувачка и колку всушност треба да се

доисплати средства по оваа одлука. Но, со овој одговор само се начнува уште едно прашаше, односно во точка 1.3. од одговорот се спомнуваат дека покрај овие средства од Републичкиот буџет се исплатени уште 23,4 милиони денари. Но,на Комисијата за финансирање и буџет одржана на 7 деќември 1994 година тогашниот претставник на Владата господинот Џевдет Хајредини буквално вака изјави: "Заради ублажување на последиците од земјотресот што се случи оваа година во Западна Македонија беше изнесена сугестија да се одобри одредена сума пари од тековната буџетска резерва". Во врска со оваа сугестија претставникот на Владата ја информира Комисијата дека за оваа намена се издвоени средства од буџетската резерва во износ од 60 милиони денари, како и по основ на еднодневна заработувачка околу 10 0 милиони денари. Сега да ги коментирам и двете ставки од овој дел, односно по основ на еднодневна заработувачка околу 100 милиони денари. Во Одлуката во Службен весник стои точно 100 милиони но никаде уште немаме добиено податок колку навистина изнесувала еднодневната заработувачка. Според некои мои сознанија таа еднодневна заработувачка изнесувала преку 130 милиони денари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам господине Видимче, вие можете да поставите дополнително прашање доколку не сте задоволни од одговорот.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Исто така во одговорот е смешано, односно се измешани поимите, односно средствата од 100 милиони денари кои јас ги побарував да ми одговорат се побаруваа од Фондот за солидарна помош, додека

средствата кои се наменети за поправка на школите се од Буџетот. Според тоа, барам Владата да ми одговори што стана со средствата од еднодневната заработувачка, односно колкава е еднодневната заработувачка во тој период и уште колку средства треба да се добие за тој регион и кога ќе бидат исплатени.

Второ, од средствата од Буџетот кои и по изјавата на претставникот на Владата треба да изнесуваат 60 милиони денари. Досега се исплатени само 23 милиони денари. Барам да ми се одговори каде се другите средства и кога ќе се префрлат на жиро сметките на настраданите општини.

Трето, дополнение на сето ова по Законот за отстранување на штетите и последиците од земјотресот кој го донесовме лани во мај месец, требаше до септември последната рата да се соберат средствата. Морам да ви кажам дека се уште не се упатени средствата во општините иако поминаа шест месеци од последното прибирање на средствата. Така што барам прашањето да се дополни и со овој елемент.

**ТАКИ ФИТИ:**

Сосема накратко да кажам дека досега се исплатени преку 400 милиони за овие намени, а конкретно писмено дополнително ќе му одговориме на пратеникот точно разграничено од кои извори, како и каде.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Во информацијата која ја добивме сега пред две недели се спомнува некаде износ од 120,130,140 милиони денари, така што не е ни приближно до 400 милиони денари колку што министерот кажува и ме

чуди од каде таа измена наеднаш дека се исплатени 400, а во информацијата не добиваме тоа. Значи добиваме информации кои не се валидни.

**ТАКИ ФИТИ:**

Во текот на 1996 година сега се исплатени уште 100 милиони преку образование.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Прашањето се однесуваше за министерот за култура и добив одговор кој има манифестации министерот за култура ги поддржува, но не добив одговор на прашањето со колку средства и кои критериуми се битни при одлучувањето на доделувањето на овие средства. Бидејќи во одговорот стои дека на веќе изградени критериуми, па да се напишат само кои критериуми и која манифестација со колку средства ја поддржуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дополнително писмено ќе ви се одговори.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни во оваа сала, јас имам едно три рекламации на три пратенички прашања. Ќе почнам со ред.

Поставив пратеничко прашаше до Министерството за урбанизам во врска со висината на закупнината на деловниот и станбениот простор и ми беше одговорено дека сето тоа е утврдено на база лицитација, односно дека се работи за договорни односи помеѓу корисниците и тие што ги издаваат тие локали, или станбен простор. Имајќи предвид дека одговорот воопшто не кореспондира со реалноста, ги поставувам следните дополнителни прашања.

I/6.-

Прво, во кое информативно гласило е објавена спомнатата лицитација.

Второ, кога и каде истата е реализирана.

Трето, со кои субјекти поименично се склучени договори на база оваа лицитација.

Четврто, датумите и архивските броеви на тие договори и дали истите договори се потпишани и прифатени од страна на корисниците на деловните ресори.

Петто, да ми се достават пет копија од различни договори од овој вид. Откако ќе добијам одговори на овие прашања, дополнително ќе се уклучам во расправата.

Понатаму поставив пратеничко прашање за висината на личните примања, вклучувајќи го варијабилниот дел за одредени функционери во нашата држава и кратко добив одговори само за неколку од тие функционери, додека за двајца не добив одговор. Само ќе спомнам дека согласно тој одговор Министерството за труд и социјална политика, директорот на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор имаат лични примања во вкупен износ од 44 илјади 151 денар. Македонски железници има 28 илјади 350 денари, Републички СИЗ за патишта 25 илјади 835 денари, Министерство за развој Агенција за развој на недоволно развиени подрачја 19 илјади 929 денари, директорот на Електростопанство на Македонија 41 илјада 987 денари. Не ми е одговорено за директорот на Јавно претпријатие за аеродромски услуги Македонија - Скопје и за директорот на ПТТ Македонија. Понатаму, Агенција за санација на банка 45 илјади 486 денари и Агенција на Република Македонија за трансформација на претпријатија со општествен капитал 43 илјади 350 денари.

Поставувам дополнително прашање, колкави се вкупните лични примања на директорот на Јавното претпријатие за аеродромски услуги Македонија - Скопје и на директорот за ПТТ Македонија- Скопје. Верувам дека во наредниот период ќе добијам адекватен од- говор, бидејќи тие се јавни установи, нивните лични примања се јавни и нема потреба тие да бидат скриени од јавноста.

Ова прашање само кратко ќе кажам го поставив со цел да се информира јавноста дека актуелно де јуре и де факто пратениците, па би рекол и министрите можеби се најнеплатени функционери во оваа држава.

Во врска со третото прашање ми беше поставено до Министерството за финансии во врска со критериумите, всушност врз база на кои критериуми Владата на Република Македонија ја имаше одредено Сојузот на сметководствени и финансиски работници да биде стручна организација согласно член 12 од Законот за сметководство.

Воопшто не сум задоволен од одговорот, но ценам дека нема потреба од дополнително поставување прашање, бидејќи Уставниот суд со самиот чин што ја укина спорната одредба од член 12 од тој Закон, го прави моето прашање непредметно.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Што се однесува во однос на првиот дел од прашањето околу висината на закупнината на деловниот простор да нема некои забуни денеска овде. Постојат два типа на деловни простории, оние дловни простории кои се доделени во минатото и за кои има уредни договори за кои е регулирана закупнината и таа се определува со одлука на Влада и другиот тип на деловни простории, тоа се деловни простории на кои им е истечен мандатот, или на договорот за користење на истите и истите се даваат и понатаму под закуп. Тоа се претежно оние деловни простории

кои не подлежат на продажбата на деловен простор и за нив важи принципот за кој зборуваше господинот Руфи Османи. Тоа се деловни простории кои се издаваат по пат на јавно наддавање. Закупнината се одредува по пат на јавно наддавање и само за нив можеме да доставиме примерок како што ги бараше. Доколку во Гостивар има такви случаи за кои се издадени деловни простори по пат на јавно наддаваше, а тоа ги има во многу градови во Републиката, ќе добие уредни одговори онака како што ги бараше.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко јас пропуштив да кажам дека барам да ми се одговори писмено за поставените прашања.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господо.

Поставив едно прашање во врска со издавање на визи во Европската Заедница, на кое прашање добив одговор, меѓутоа, од одговорот не сум задоволен, поради тоа што рековме дека одиме на приватизација, одиме на спроведување на реформи, пазарно стопанство, влегување во Европската Унија и тн. Меѓутоа, Европската Заедница толку многу не сака, доаѓа, преговара, позитивно се изразува дека реформите се спроведуваат, меѓутоа ни воведува визи, а не само што воведува визи, туку 10, 15 или 30 дена не може да се добие виза и на крајот граѓаните се одбиваат.

Како може стопанството да биде приближно до Европа, како може работите да ги договараме кога тие на некој начин забранија да влегуваме во Европа.

Моето барање е што Владата преземала и кои мерки треба да ги преземе за ублажување на начинот за издавање на визите, субјектите,

односно граѓаните кои се праќаа таму на службена работа во Европа, да гарантираат за нивното враќање, ако треба и депонирање на средства за да се одвиваат работите нормално да се издаваат веднаш визите и што може да направи Владата за укинување на визите. Ако погледнеме ќе видиме дека Европската Унија на сите ни воведе визи, на некој начин спречува да договараме и пазарното стопанство кое треба да го негуваме со Европа, ние не ќе можеме тоа да го правиме во наредниот период. Затоа во интерес на стопанството, во интерес на финансиските средства, во интерес на преговарањето, мислам дека визите треба да се укинат. Сигурно тоа ние не ќе можеме да го решиме, но Владата да направи напори, како што го направи тоа и порано за многу работи, да го направи и овој напор, да се укинат визите, каде што може, односно во прво време да се издаваат визите што побрзо.

Одговорот го барам усмено, а може и во писмена форма. Сепак барам одговор во писмена форма.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес ќе дадам едно многу концизно објаснување а ќе поставам и едно поконцизно дополнително прашање.

На 36-та седница од 24 јануари 1996 година побарав да ми се одговори на прашањето околу пролонгираниот и спорниот проблем за изградба на сточарска фарма во местото Бучало Кичевско. Добив писмен договор од 19 март 1996 година, што не беше одговор, туку опишуваше на моето образложение од обемната документација и согласноста на републичките и општинските органи од кои најважна е Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија за укинување на член 3 од Одлуката за определување на локација за изградба на сточарска фарма број 08-463 од 21.12.1994 година.

II/1 JJ/НД

**САЈ1И РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Сега поставувам дополнително прашање: "Заради кои причини Подрачната единица за урбанизам Кичево не била во можност да ја издаде потребната документација за изградба на објектот до произнесувањето на Комисијата на Собранието на општина Кичево за поништениот член на одлуката, а се знае дека одлуките на Уставниот суд на РМ се конечни.

Одговор барам од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе биде даден во писмена форма.

Има збор пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГ0Ј СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и господа министри, јас не да не сум задоволен од одговорот што го добив од надлежното министерство, односно од Министерството за сообраќај и врски туку морам да кажам дека за едно прашаше имам добиено два одговори. И сега не да не сум задоволен туку сум збунет од одговорите на Владата. Барам да ми се одговори и да ми се разјасни по кој одговор ќе се работи по поставеното прашање. На 28.VI.199 5 година поставив прашаше кога Владата ќе ја реализира земената обврска за отворање пат спрема село Мгленце односно спрема дадениот одговор на моето прашање поставено во месец март. Одговорот беше следен: "Село Мгленце кое што е единствено село што нема пристапен пат во своја држава мора да поминува преку СР Југославија, патот за село Мгленце е од локален интерес. Меѓутоа, поради другите значења, пред се стратешкото значење на ова село, Владата зема обврска во 1995 година да отвори пат". Така беше поставено и прашањето, кога Владата ќе ја реализира земената обврска

А сега добивам ваков одговор - изградба и модернизација на патниот правец за село Мгленце треба да се решава во рамките на општината Куманово, бидејќи патниот правец е локален. Ние тоа го знаевме и според оговорот на Владата во 1995 година не презедовме никакви мерки и ги оставивме тие граѓани да се мачат за да дојдат во своја држава. Барам да ми се одговори кои од овие два одговори е точен, и според кој, навистина, ќе одиме во реализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас сосема случајно ги носам двата одговори. Во едниот одговор даден на 29.06.1995 година покрај објаснувањето, одговорот завршува со реченицата што господинот пратеник ја искажа дека изградбата и модернизацијата на патниот правец кон селото Мгленце треба да се решава во рамките на општина Куманово, бидејќи патниот правец е локален. Тоа е од 29.06.1995 година. После тоа одговорот се дополнува во кој што се објаснува дека во тоа време активностите околу модернизација ан локалната патна мрежа до надлежната институција се доставени барања и тоа за учество на таа институција за модернизација на седум патни правци од локален карактер. Тоа се случи после давањето на тој одговор, а во рамките на тие планови на општината за модернизација на локалната патна мрежа од територијата на Куманово, село Мгленце не беше предвидено како планска активност во 1995 година. Констатирајќи ја таквата ситуација, а врз основа на критериумите кои што важат во таа институција не можевме да го опфатиме во рамките на потпомагање :за изградба на локална патна мрежа овој патен правец за село Мгленце, меѓутоа имавме предвид дека многу скоро, и тоа за 20 дена пред Парламентот ќе се постави расправата за Законот за јавни

патишта. Во Законот за јавни патишта имаме позиции каде што ако се утврди како што е предложен овој закон, се овозможуваат пошироки активности за модернизација на локалната патна мрежа во нашата држава. Имајќи го ова предвид, за тоа на таков начин интервениравме со одговор,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Јас морам да го потсетам министерот дека има некое недоразбирање и да го најде одговорот на моето прво прашање поставено во март 1995 година, каде што и децидно: "Поради стратешките< значења за Република Македонија, Владата презема обврски да го отвори патот". Овој одговор што го давате е истиот што го имам сега добиено. Не знам зошто сте дале два одговори. Дали ќе го земеме за валиден одговорот даден во март или одговорот што сте го дале еднаш и уште еднаш. Во тоа е прашањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор ќе се даде во писмена форма.

Има збор господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници и господа министри,. моето прашање го поставив на две изминати седници, а одговор добив од прилика три месеци после поставеното прашање.

Прашањето гласаше? "Зошто новоизградената пошта во село Облешево - Кочанско се уште не се пушти во работа и ако таа е изградена пред пет години и добро опремена'.' Одговорот што го добив неодамна гласеше дека оваа пошта ќе се пушти во работа во наредните пет години. За мене тоа беше несфатливо,зашто поштата веќе пет години како е добро опремена, а уште за пет години ако не се пушти во

работа, навистина ќе пропадне, ќе се руинира, а да не зборуваме и за опремата и средствата што се инвестирани од свој сопствен денар на селаните од село Облешево. Па го молам министерот за сообраќај и врски да даде усмен одговор; на ова прашање.

**ДИМИТАР БУЗЈТЕВСКИ:**

Одговарајќи на ова прашање нашето Министерство го презеде одговорот што го имаше добиено од Јавното претпријатие. Со оглед на тоа што овде фактички се презентирани ситуации кои што важеле од сега и кои што се предвидуваат на таков начин во наредниот период, јас ќе го замолам пратеникот за да ми даде шанса дополнително да ја провериме оваа ситуација и на наредната седница да дадеме одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот сигурно се согласува.

Има збор господин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа министри, колеги пратеници, јас добив еден одговор од Министерството за труд и социјална политика. Тој одговор вака како информација е во ред, али јас не сум го поставил ова прашање. Прашав зошто доцнат исплатите на социјално загрозените. Јас тоа би го поставил' денеска како прашање, а досега не сум поставил вакво прашање, а не би сакал да го повторувам прашањето што јас сум го поставил. За тоа треба да се провери Министерството за социјална политика и труд во своето работење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Зибери не е тука и одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор господиниот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господин претседателе, колеги пратеници, на 29-та седница на Собранието поставив едно прашање, имајќи предвид дека ресорното Министерство, дека Геодетската управа припаѓа при Министерството за урбанизам. Меѓутоа од одговорот овде произлегува нешто друго дека на тоа прашање божем ќе се одговори од господин Јане Миљовски, значи министерот за финансии. Во врска со тоа јас не сум задоволен од одговорот и имам едно пошироко образложение за да се конкретизира оваа работа. А за да биде појасна и за пратениците, прашањето гласеше вака: "Јас барав одговор од министерот за урбанизам, како е именуван директорот на Геодетската управа, во каква процедура и дали постојат критериуми за именувања на директори, кога се знае дека изборот треба да се спроведе по пат на конкурс. Во одговорот многу скромно се одговара и во врска со тоа морам некои работи поконкретно да ги објаснам. Со актот под горниот број и дата ми е доставен писмен одговор од Владата на РМ на пратеничко прашање кој се однесува за постапка и начинот на именувањето на директорот на Геодетската управа Тетово. Со добиениот одговор од Владата на РМ не сум исцело задоволен, па затоа врз основа на член 43 од Деловникот на Собранието на РМ, поставувам дополнително прашање на следното: "Како и во која постапка сегашниот началник на Одделението за премер и катастар Тетово Серафимовски Михајло е примен на работа во Републичката геодетска управа Скопје, потоа како истиот е распореден на работно место началник во Тетово, само после еден месец работа во Републичката геодетска управа Скопје, кога со одлука на; Уставниот суд на Република Македонија под број 46-92 од 30.09. 199 2 година тоа работно место е укинато. И на крај како досегашниот мачалник на Одделението за премер и катастар Тетово Бошко Серафимовски е распореден на работно место самостоен референт за одржување на

геодетски мрежи, кога такво работно место според актот за систематизација веќе не постои?".

Горното прашање дополнително го поставувам од следните причини, имам сознанија дека новиот началник Серафимовски Михајло во Републичката геодетска управа Скопје, на еден месец пред да биде распореден за началник на Одделението за премер и катастар Тетово е примен на работа во Републичката геодетска управа во Скопје, без целосно спроведена законска постапка, потоа работното место началник на Одделението за премер и катастар Тетово е укинато, а наново не е систематизирано од причина што актот за систематизација на Републичката геодетска управа Скопје не е потврден од Владата на РМ, според одредбите на Законот за органите на управата.

На крајот претходниот началник Бошко Серафимовски е распореден наново од здравствени причини што не е точно, на несистематизираното место. Со оглед на се горе наведеното имам очигледни индиции дека разрешувањето и поставувањето на началникот на Одделението за спремен и катастар Тетово е направено во незаконска и недемократска процедура спротивно на начелата на рамноправноста на граѓаните и демократските процеси, тенденциозно и без никакви причини.

Исто така, јас како пратеник имам сознанија дека откако е назначен новиот началник во ова кратко време има многу поплаки од граѓаните,а од претседателот на општината е многу познато и на сите други.

При утврдувањето на ситуацијата за поставеното прашање барам надлежните органи да преземат мерки за поништување на разрешувањето и поставувањето на началникот на Одделението за премер и катастар Тетово.

Ако не може сега да се одговори усмено, одговорот може да биде даден во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги, имам забелешка до Министерството за урбанизам и Министерството за сообраќај во врска со моето поставено прашање за депонијата Дрисла на што до ден денеска немам добиено никаков одговор. Да се потсетиме, тоа прашање беше поставено од аспект што практично во Скопје и понатаму се користи депонијата "Вардариште" што врши директно загадување на некаде околу 80 до 100 илјади жители во населбата Аеродром односно Ново Лисиче. Втора забелешка имам на одговорот што е даден од Министерството за образование и спорт во врска со спортскиот објект во населбата Ново Лисиче и прашањето беше кој е сопственик на овој објект, односно кога се планира да се заврши објектот и да се предаде во функција". Одговорот е делумичен за што е кажано дека тој објект како капитал е пренесен од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен простор, имено тоа јавно претпријатие го дава на лицитација односно продажба на тој простор.

Во врска со ова имам потпрашање до Министерството за образование и спорт:"Дали понатаму овој спортски објект ќе ја задржи својата функција или ќе мине во сосема друга функција за што не е наменет а е започнат во изградбата".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе се изјасни во врска со ова дополнително прашање.

Има збор господин Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Мислам дека на првиот дел од прашањето околу депонијата "Дрисла" следува одговор иако адресата малку е погрешно упатена, зашто треба да се упати на Градското собрание, кое е надлежно за користењето и употребата на градските депонии. Ние во најскоро време ќе одговориме дна ова прашање каде што ќе бидат согледани сите аспекти на користењето и употребата на сегашната депонија. Тука постојат повеќе проблеми во користењето на депонијата од аспект на нејзината техничка исправност и овде морам да кажам дека деновиве во Министерството беше формирана комисијата што ја испитуваше исцравноста на депонијата "Дрисла". Чекавме да се добијат конечните одговори на стручњаците што ја испитуваа депонијата, во каква состојба е и дали може и натаму да биде употребувана за да дадеме точен и дециден одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот за образование и спорт.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Во делот на прашањето што се случува со спортскиот објект во Населбата Ново Лисиче што е доверен на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, до каде е постапката со издавање, ќе морам дополнително да добијам информација па да ве известам. Меѓутоа од аспект на задржувањето на функцијата на овие објекти, политиката на; Владата во тие рамки и на Министерството е да со издавањето на овие објекти за стопанисуваат други правни и физички лица се настојува тие и понатаму да ја задржат функцијата за која првобитно се наменети, и се до донесувањето на Законот што е во програмата и Законот за стопанисување со спортски објекти ќе настојуваме овие спортски објекти на овој начин да се одржуваат, но и да ја извршуваат фунжииоата за која што се наменети.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Прво да кажам дека одговорот на првото прашање во врска со демоннјата Дризла, мислам е делимичен во случајов, така што ние знаеме дека постои Комисија која веќе направила експертиза на депонијата Дризла и знаеме дека таа експертиза дава позитивни резултати, со позитивно мислење за таа депонија, меѓутоа, реагирањето и би рекла активностите после таа експертиза, не се на она ниво што треба да бидат.

По однос на вториот одговор за спортскиот објект во нас. Ново Лисиче, навистина постои голема дилема, дали субјектите кои ќе се јават за купување на тој објект, каде што веќе постои спортска сала и други спортски простории, ќе го користат тој објект за својата функција.

**ФАИК АБДИ:**

Јас бев постава поставил 10-12 прашања, мислам дека тоа било во февруари или март месец, односно јануари, меѓутоа, одговорите застареле, меѓутоа има една работа што се спомна овде пред Владата и пред нас како пратеници, некни бев во Куманово во разговор со Кумановчани на контакт на програма и тоа беше потенцирано Имено, се однесува за следното. Бидејќи би поставил прашање за тие поплави што се случуваа во Средорек населбата, и сега пишувам вака: во одговорот за населбата Стредорек - Куманово, помеѓу другото кажано е дека истата е дивоградба. Две реки ја опфаќаат и та е во средина и постојано има поплави. Ги прашувам до кога ќе трае ова. Кога ќе го осетат благодетот на оваа своја Татковина. Дали РМ ќе може еден ден во блиска иднина да издои средства, или да ги регулира реките, или пак да направи нешто да ги остави луѓето на друго место да живеат, да живеат како луѓе, а не да бидат постојано поплавувани.

III/2.-

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Морам да го разочарам г-диниот Фаих, дејуре тие објекти не постојат, тоа е бесправна градба и за нив тие како да не постојат Оној што може да се направи е при регулацијата на реката да се изнајдат начини и можности тие објекти не треба да бидат дислоцирани. Друг одговор не би можело да има за објекти кои се бесправно градени.

**ФАИК АБДИ:**

Од овие луѓе што се поплавени, еден добар дел живеат во некакви бараки таму, како месни заедници итн. под најнеморални услови. Треба да им се најде некој простор да се сместат да живат како луѓе. Тоа што го видов јас таму ни во Тунгузија го нема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кажете што е прашањето.

**ФАИК АБДИ:**

Во врска со прашањето, тие што се поплавени.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ние во текот на 1995 и 1996 година започнавме процесна реорганизација на државата меѓу кои и Куманово се наоѓа во истиот тој процес. Она што во овој момент се работи, се работи во измените и дополнувањата на генералните урбанистички планови, ќе се предвидат локалитети каде што ќе може да има и објекти од ваков карактер. Ние знаеме дека овие објекти се од цврст стандарден карактер, на некој начин дека припаѓаат внатре во коритото на Реката и со нејзина регулација и со нејзино уредување, најверојатно тие објекти ќе бидат преселени на локалитет кој ќе заслужува подобар епотет и ќе има сигурно подобри услови од сегашните.

III/3.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на последната седница имав поставено околу 12 прашања. Меѓутоа, нашите министерства ми одговорија само на едно прашање. Ми одговорија на прашањето колку пченица е увезена во текот на годината што мина. На другите прашања немам одговори и мислам дека денес ќе мора по втор пат да ги поставам и сите пра- шања.

На прашањето колку пченица е увезена минатата година добив одговор од две министерства. Од Министерството за земјоделство и водостопанство и од Министерството за стопанство. Двата
одговори се исти, а двата се непотполни. Не добив одговор на прашањето дали на Митровден ланската година Владата на РМ има донесено одлука за увоз уште на 6.000 вагони пченица. Да го дополнам праша- к>ето кога ќе се знае дали се увозени овие 6.000 вагони, бидејќи на прашањето го нема овој одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дали барате на ова прашање усмен или писмен одговор.

**ВЕЉО ТАНТАРО:**

Усмено.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Дополнителното прашање е сврзано со фактичката состојба и е снимање на фактичката состојба. Може да следи одговорот во писмена форма.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Од одговорот на министерот Бекир Жута не сум задоволен и не го разбрав што сака да каже. Мислам дека сепак има одлука на владата и треба да каже јавно дели се увезени 6.000 тони пченица од Митровден

наваму или не.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Министерот побара во писмена форма, заради дополнителни проверки.

**БЕЌИР ЖУТА:**

На инсистирање на пратеникот сепак ќе му дадам одговор но може да ги квалификува работите во обратен правец. Владата има одлука за продажба од стоковите резерви 40.000 тони за млинско - пекарската индустрија, која е во фаза на реализација за оние кои немаат доволно резерви за да можат да произведуваат, а не она што пратеникот инсистира по секоја цена да го прекфалификува во увезени нови количини.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас на претходната седница поставив неколку прашања меѓу кои од двете прашања кои беа како одговор не сум задоволен, дури она што се одговори не е многу јасно. Се работи за Министерство за урбанизам. Прашањето гласеше: На кој начин се дозволува пренамена на станбени објекти во деловен простор. Во Куманово тоа е посебно изразито и мислам дека најголем дел на станбени објекти се пренаменија во деловен простор и го зафатија тротоарот кој сметаме дека е во неисправно. Таму добив многу едноставен одговор и мислам дека беше дадено рок за 15 - 20 дена тоа прашање да се разреши. До ден денеска пренамената на станбените објекти во деловен простор во Куманово не е решен. Нашите граѓани во Куманово имаат голема реакција во тој дел и мислам дека добро е министерот да направи напори кога тоа ќе го направиме нај званично, бидејќи ако тоа практично не го правиме, тогаш одговорот и на пратеникот и на министерот практично не добива практична вредност.

III/5.-

Ве молам во таа смисла, јас одам на таа седница и граѓните од Куманово се дојдени кај мене и исклучиви бараат . Не сме задоволни од одговорот , бидејќи јас одговорот писмен го дадов лично да го прочитаат и тие не се задоволни. Дали вие како министер ќе превземете конкретна акција за надминување на еден ваков проблем. Овој е акутен проблем, се шири проблемот и мислам дека треба а направиме напори проблемот да го запреме.

Вториот одговор, јас поставив кога ќе го донесеме Законот за води. Тоа беше до министерот за земјоделие.

Морам да ви кажам дека овој закон, еве јас сум втор мандат како пратеник, три-четири пати го поставувам, до денеска не го носиме тој закон. Мислам дека е потребно да го донесеме гој закон и прашувам до Министерот, дали има навистина можности и ако е даден рок дека до април месец има шанса да се донесе закон, меѓутоа се уште не е во собраниска процедура. Ве молам тој Закон е многу актуелен, многу важен за да може да ги регулира односите меѓу водокорисниците и водостопанските организации за да немаме еден сериозен конфликт. Денеска ќе ви кажам дека има независен синдикат кој делува на терен се судрува заедно со водостопанските организации, водокорисниците не праќаат и сега има судска постапка во сите средини во МР. Не се работи само за Куманово, туку тој е сериозен проблем и дај еднаш како држава, како влада да го налегнеме проблемот кумановски кажано така нека го разрешиме. Ако донесеме закон, да донесеме Закон, ако не во втора ситуација да кажеме кој треба да ги определи цените на калкулација за водокорисниците. Сега доаѓаме во ситуација законот за води преку 44 члена уставно не важат се поништени, практично не постои закон а водостопанмската организација си одредува калкулација на цена на чинење за користење на вода. Мислам дека е коректно ние како држава

да се определиме како ќе ги регулираме тие односи во однос на водокорисниците, бидејќи тие зборуваат за денеска јал не јал - триипол. 3.700 денари се наплатува месечно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам поставете го прашање.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Има ли можност да го донесеме Законот за води во догледно време за да ги регулираме тие односи. Не сум задолжен од одговорот, бидејќи не е кажано кога и како ќе се носи тој закон.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на првото прашање за пренамената или како ние ја нарекуваме преадептација на станбените објекти во деловни објекти према постојаната законска регулатива, која е регулирана со Законот за инвестициона изградба и со Законот за станбени односи, сопственикот1 на станот има право да го пренамени објектот во употреба онака како што тој мисли дека треба да биде. Но во април месец ланската година ние како Министерство презедовме мерки со издавање на упатство за преадептација како може да се врши преадептацијата од станбен во деловен објект, со што на некој начин направивме еден поголем ред во однос на стабилноста на објектите, во однос на согласностите во кој треба да се добијат од противпожарен аспект од заштита при работа и останатите согласности кои треба да ги исполни еден ваков простор за да може да ја обавува својата функција. Она што дополнително го додадовме во нашите барања и како упатство во подрачните единици е да се ја барал преадапција на деловниот простор по актност или по висина, повисоко од I спрат. Останува она прашање дали презимените објекти, или установените приземни објекти можат да се пренаменат во

деловен простор. Доколку ги исполнат сите услови по однос на законската регулатива за преадептација може. Условите се дадени мислам дека упатството постои на сила, иако беше оспорувано пред Уставниот суд, се уште е на сила припремаме ново упатство, со кое ќе ај појачаме уште повеќе пренамената во однос на заштитата на станарите кој што живеат во останатиот дел од зградата, со што ќе ги направиме сите предуслови. Засега е тоа, ние издадовме преадаптација во април месец ланската година и морам да кажам дека во текот на 1995 година извршивме околу 6.000 предаптации што на диви објекти, што на станбени објекти кои беа нелегално преадаптирани и тие се сега во функција.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Во Програмата за работа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопансто е ставен и Законот за води и сигурно гарантирам дека ќе биде во оваа година пред пратениците на Собранието.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Рековме оваа година можеби ќе биде во декември, но тоа е многу неодредено и мислам дека ако овој закон не го донесеме во оваа прва половина на оваа година, мислам дека ќе направиме сериозен конфликт и тек тогаш како ќе го разрешуваме проблемот кога тие земјоделци ќе дојдат да ни прават проблеми и на нас и на вас тоа е тешка работа.

Во однос на првото прашаше проблемот тече г-дине министре. Вие тоа образложение ни го дадовте и во првиот одговор. Меѓутоа и ден денеска јас тврдам со практични примери дека одредени станбени објекти се пренаменуваат во деловен простор. Луѓето сметаат дека

нивните подруми веќе се доведени во ситуација да не може да ги користат, заради тоа што тоа е веќе објект, не е тоа адвокатска канцеларија, туку тоа е месарнијда, тоа е пиљарница, тоа е она што прави доредена бука. Тука се продаваат да не кажам и одредени земјоделски производи кои што ќе им штети на луѓето на граѓаните. Ние мораме да водиме сметка за тие наши каква контрола ќе направиме од Министерството тоа да го стопираме. Тоа е практично, инаку постапката ние многу јасна , Законот е јасен и тука нема што да се надмудруваме. За мене е битно како практично ќе постапиме тоа да го запре ме во рамкkте на било која средина, заради тоа што е штетно за граѓаните. Тоа е основно. Задоволуваме еден субјект кој го продава станот на другиот ги користи материјалните средства го пренаменува во деловен простор а прави проблеми на 50, 100 семејства.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас би прашал кој кажа дека ќе се забрани пренамена. Ние не кажавме дека ќе се забрани. Моето објаснување беше децидно ио јасно. Ние издадовме упатство како може да се врши пренамена на просторот, или преадептација на просторот. Воа упатство јасно и гласно се кажани кои одредби и кои принципи мора да ги исполнува за да добие преадептација.Доколку не ги исполнува, тогаш нема употребна дозвола, и уште нешто доколку не исполнува некој од принципите за кој добил согласност од некој други ресорни минис- терства, во тие министерства постоја инспекции и по тие основи ќе ги гонат сите тие субјекти кој прават прекршок на тоа упатство.

III/9.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе,почитувани министри и пратеници, Јас ќе изразам јавна благодарност на квалитетните одговори на министерот за култура, особено она што значи брзо реагирање, наименување на давање согласност на веќе измината процедура со сите инстанци и нека ова бидат пример како треба да се работи ефикасно и квалитетно.

IV/1.- СП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на поставување на нови прашања. Јас ги прочитав пратениците кои добиле одговор, а кои не се задоволни од одговорот и имаат право да постават дополнително прашање.

Има збор г-динот Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Не сум задоволен од одговорот од министерот Бузлевски од причина што додека се препукуваме во чија надлежност е приклучокот на селото Дулица со главниот пат Каменица- Калиманци луѓето се без пат и јас не прашав во чија надлежност, туку прашав кога ќе биде приклучокот направен. Во една прилика бев кај министерот тој даде ветување дека тоа ќе биде завршено, меѓутоа, вистина луѓето се крајно револтирани и еден ден ќе направат брана и не ќе можат да поминуваат возилата по патот. Се мачат веќе една година и мислам дека треба да дадеме одговор на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали во врска со ова претставникот на Владата ќе даде одговор? (Не, во писмена форма ќе добиете).

Дали има уште некој од пратениците кој не е задоволен од одговорот и сака да постави дополнително прашање? (Нема)

Преминуваме на поставување на нови пратенички прашања.

Господинот Звонко Каров. (Не е тука)

Господинот Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри. Имам две кратки прашања. Првото прашање е упатено до министерот за урбанизам и градежништво г-динот Шундовски. Ова прашање се

однесува  на изградбата и реконструкцијата на граничниот премин Ново Село на Македонско.-бугарската граница. Ова прашање го поставувам по вторпат, првиот пат кога го поставив ми беше даден одговор дека наскоро ќе се отпочне со изградбата на овој граничен премин, меѓутоа по истекот на долго време ситуацијата и понатаму е иста. Затоа прашањето гласи: Дали воопшто ќе се гради и реконструира граничниот премин Ново Село и кога ќе се отпочне со оваа градба.

Второто прашање е исто така поврзано со ова прашање, а се однесува на вчерашната изјава на директорот за царина дека се добиени некои средства и извршена одредена распределба за изградба и реконструкција на граничните премини Ново Село,Кафасан и Деве Баир

Второто прашање е до министерот за сообраќај и врски, а се однесува на следното. Ова прашање го поднесувам во името на граѓаните на населбите Смоларе, Дражево и Старо Коњарево, тоа се населени места кои се наоѓаат на Македонско - бугарската граница во подножјето на планината Беласица, а се однесува во поглед на гледањето на македонската телевизија. Овие граѓани се редовни претплатници и редовно ја плаќаат таксата на Македонската телевизија, меѓутоа, прва програма гледаат многу тешко или сосема малку додека втора програма воопшто не гледаат, а за трета воопшто да не зборуваме. Затоа моето прашање е кога ќе им се овозможи на овие граѓа- ни да гледаат Македонска телевизија слободно и нормално и што треба да направат за да можат да го остварат ова право на гледање на Македонската телевизија, бидејќи сигурно не сакаат да гледаат друга телевизија од комшиите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате усно или писмено.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Може усно, меѓутоа и писмено.

IV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Кога го дадовме првиот одговор и кога одговоривме наскоро тоа го направивме затоа што за Ново Село го изменувавме деталниот урбанистички план на самата гранична линија. Во меѓувреме е усвоен деталниот урбанистички план, се премина кон изработка на документација за главен и изведбен проект, проектите се во завршна фаза, се очекува да се добие премер и пресметка која ќе биде основа за давање понуди пред градежната оператива и се надевам дека за два до три месеци ќе отпочне и конкретната реализација на граничниот премин. Она што може да радува за самиот граничен премин дека поголем дел од средствата за негова реконструкција се обезбедени што и сами потврдивте од вчерашната изјава на директорот на царина на Република Македонија. Значи, за месец до два ќе отпочне реализацијата на изведба на граничниот премин Ново Село. Само да го додадам и тоа дека деновиве таму започнува монтажата на електронска вага која ќе биде на заедничкиот систем на сите граници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорот? (Сепак и во писмена форма одговорот).

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници министри и новинари.

Ова е директно прашање до Владата.

Премиерот на неколку наврати го промовираше растот на индустриското производство како крупен резултат на економската политика во 1996 година. Но, споредбата за порастот на производството

е правена за периодот јануари - февруари 1996 година во однос на истиот период 1995 година. Молам, претставник на Владата да ми одговори дали има зголемување на индустриското производство во јануари и февруари 1996 година во однос на просечното месечно производство.

Лично сметам дека овој податок е порелевантен отколку податоците за периодот кој го изнесе премиерот. Барам на ова прашање да се одговори во писмена форма.

Второто прашање до Владата зошто, како и под кои услови Претпријатието за стопанисување со деловен простор има отпишано околу 10 милиони ДМ, на кои фирми и под кои услови.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира во писмена форма да ви се одговори.

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател,почитувани министри, почитувани пратеници. Ќе поставам едно пратеничко прашање за кое сум замолен од страна на група граѓани од градот Дебар.

Познато ми е дека при Владата односно Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина постои стручна комисија за проценка на штети на станови во општествена сопственост оштетени од елементарна непогода. Меѓутоа, истата не функционира во последно време. Поставувам прашање. Кога истата комисија ќе проработи повторно. Благодарам на разбирањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Ајдарага бара писмен одговор.

IV/5.-

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Оваа комисија во текот на мај ќе функционира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали инсистирате на писмен одговор, во писмена форма, г-дине Ајдарага?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ако е точно, не мора.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Маљичи.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници. Имам четири пратенички прашања.

Бидејќи бројот на жителите е по стандардите и нормативите што се применуваат за обезбедување на медицинска единица на село дали се предвидува изградба на здравствена амбуланта во селото Црн Врв, кога последната здравствена станица е на 20 километри од селото. Прашувам, дали Владата на Република Македонија има намера да финансира или да интервенира во регионалниот пат Зелениково – Страводица – Гумалево - Дикавец, пат кој скоро во целиот период на годината е непрооден. Јас мислам дека изградбата на овој пат ќе придонесе да се спречи населението до миграционите движења во градот.

Со изградба на далекуводот кој поминува на подрачјето на селата Вражале,Смесница, Гумалево се оштетени патиштата што водат кон овие села. Кој е надлежен истите патишта да се доведат во првобитна состојба.

Патот кој води до село Патишка Река е изграден со самопридонес на населението. Но патот се оштетува од шумското стопанство "Караџица" и од РО национален парк "Јаловишта"-"Јасен" при транспорт

IV/б.-

на трупци и огрев. Кој е надлежен овој пат да се заштити и дали треба спомнатите фирми да ја надоместат штетата?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во писмена форма.

Г-динот Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам четири пратенички прашања.

Прво,до Министерството за сообраќај и врски. На потегот помеѓу населбата "Лисиче" и населбата "АСНОМ" или како што некој овде ја нарече "Ново Лисиче" се гради нова пошта. Со оглед дека тоа е во општина Кисела Вода поставувам пратеничко прашање дали населбите Ракотинци, Добри Дол, Соње и селата кои гравитираат кон овој регион со оглед на тоа што имаат слаби телефонски врски и недоволно телефонски броеви во овој момент можат да се надеваат на подобрување на ситуацијата со телефоните по изградбата на оваа пошта.

Второ прашање до Министерството за урбанизам. Споменатите три населени места во општина Кисела Вода Добри Дол, Соње и Ракотинци имаат проблеми со водоснабдувањето. Во последните години тоа најчесто се оствaруваше по пат на водоснабдување со вода за пиење со цистерни што се како времено решение. Дали Министерството и Владата нешто размислуваат и преземаат за трајно решавање на овој проблем во овие населени места?

Третото прашање исто до Министерството за урбанизам, во наведените три населени места Ракотинци, Добри Дол, Соње и дел од населените места кои гравитираат кон овие населби околу 40% се бесправни градби. Дали со новите урбанистички планови, програми и со

просторни планови и што уште не Министерството и Владата имаат намера овие да ги вклопат и да не бидат и понатаму бесправни градби со што би се подобриле условите за станување на овие луѓе таму.

Последното прашање е до Министерството за одбрана. На првото барам писмен одговор, на второто и третото, ако е можно, денеска усно, на четвртото прашање барам, ако е можно, денеска усно, ако не тогаш зависно од тоа дали ќе бидам задоволен ќе се определам дали ќе барам писмено.

Македонија е членка на Иницијативата за партнерство за мир. Македонскиот парламент изрази желба и донесе Одлука за зачленување во НАТО. На неколку наврати позицијата и на Владата и на Парламентот особено на Владата заради надлежноста во досегашните мандати беше дека опремувањето на македонската армија ќе се врши врз основа на потпирање на воената техника и технологија од западен тип која ги следи стандардите на НАТО. Како од овој аспект Министерството за одбрана односно министерот за одбрана ја оценува посетата на Чешката Република и она што од средствата за информирање, морам да се оградам, го добивме како информација за договарање, набавка на воена техника особено оклопна и воздухопловна.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

На второто прашање околу водоснабдувањето на трите населби кои беа напоменати сега точно е дека таму се врши времено снабдување на тие жители со цистерни во летните сушни периоди. Ние се определивме за трајно решавање на овој проблем и ако треба да се размислува кон конкретно решавање на тој проблем е започнување на изградба на системот "Патишка Река" кој треба да ги снабдува сите овие населби со вода . Во нашите напори да го кандидираме овој објект во

IV/8.-

сите програми кои се нудат како еколошки проект при програмите ФАРЕ мислам дека оваа година полека успеваме во тоа и како систем кој е веќе кандидиран да биде приклучен или да биде граден во 1997 1998 година најверојатно ќе влезе и овој систем. Најверојатно очекуваме и од програмата за водоводи во текот на оваа година и наредната година да се издвојат поголеми средства и да започне конечно реализацијата на овој систем.

Што се однесува до третото прашање околу бесправната градба морам да кажам дека овој проблем не е само за овие три населби, но и за сите населби околу општината или градот Скопје во текот на 1996 година ќе започне измената и дополнувањето на сегашниот основен, а идниот генерален урбанистички план на град Скопје во кој најверојатно ќе се предвидат многу повеќе зони за станбена изградба но веројатно после тоа деталните урбанистички планови ќе бидат конкретизирани сите објекти кои можат да бидат вклопени и уште еднаш морам да напоменам дека некои од објектите нема да бидат вклопени во тие планови и ќе се најдат пред Законот како бесправно градени објекти. Она што ќе биде наша интенција тоа ќе биде најголем дел од тие објекти да бидат вклопени во деталните урбанистички планови и на некој начин ќе бидат легализирани. При легализацијата мора да се има во предвид сите оние кои граделе објекти не само на оваа територија туку на цела територија на Република Македонија ќе мора да ги подмират сите давачки кои останатите субјекти кои градат легално ги плаќаат или на некој друг начин, морам да кажам дека сите мора да бидат подеднакви пред законот. Она што е засега оптимистичко за тие делови и за тие населби е тоа дека нашите настојувања ќе бидат голем дел од тие објекти ќе бидат вклопени во урбанистичките планови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Ханџиски.

IV/9.-

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, познато е дека Собранието на Република Македонија донесе Резолуција за зачленување на Република Македонија во колективниот систем за безбедност и одбрана - НАТО познато ви е и на некој од Вас, затоа што членувавте во тој состав кога таа Резолуција беше донесена. Со таа резолуција Владата и ресорното министерство се задолжени да ги создадат условите за зачленување во НАТО - пактот. Има пет услови;

Првиот услов е да се постигне одредено ниво во развој на демократските процеси;

Вториот услов е да се премине на пазарна економија;

Третиот услов е да се има цивилна контрола над целата одбрана;

Четвртиот услов е да нема недоразбирања со било кој од соседите, што ние целосно го исполнивме сега по нормализацијата на односите и со нашиот северен сосед и

Петтиот услов е врзан за исполнување на неколку стандарди.

Одговарајќи на прашањето на пратеникот Никола Г. Поповски можам да кажам дека борбените средства, военото вооружување не е еден од условите за влегување во НАТО - пактот. За нас е јасно изречена констатацијата дека првите четири услови ги исполнуваме, а вториот корпус на стандарди што треба да се исполнат врзани за самите вооружени сили постојат само три услови.

Едниот услов е да се усвои идентична процедура на командување и раководење со вооружените сили што се увежбува и произгрува за време на заедничките вежби и на билатерален план со една од државите членки на НАТО - пактот или за сега во рамките на партнерство за мир што ние го правиме.

IV/10.-

Вториот услов е да се има компатибилен услов за врски, што исто така е врзан за усвојување на процедурата на командување и раководење затоа што во современите услови таа процедура претежно се одвива и преку средствата за"комуникации.

V/1/ПЈ/лј

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (продолжение)

И третиот услов е заштитата на суверенитетот на небото , заради тоа што влегувањето во"колективните системи за безбедност и одбрана значи дека се влегува под еден чадор кој што ги покрива териториите на земјите што се зачленети во тие системи, чие што небо исто така треба да биде добро штитено. Според тоа, не можам да ја поврзам посетата на Чешката Република со еден од овие стандарди, со тоа што морам да кажам дека Чешката Република практично сите овие стандарди се задоволени и се наоѓа, знаете на прво место за влегување во Европската унија, а и меѓу најсериозните кандидати, како што е тоа Република Македонија за влегување во НАТО - пактот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот г-дине Поповски?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Задоволен сум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави повторно Никола Поповски, бидејќи за првото прашање побаравте одговор во писмена форма.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Од второто и трето прашање сум задоволен и не барам понатамошна процедура на писмен одговор.

Во врска со последното прашање г-динот министер Ханџиски што го одговори имам дополнително прашање, дали министерот за одбрана ваквиот потег на нашата Влада го оценува како потег кои не води поблиску, подалеку или не држи неутрални во однос на процедурата за прием во НАТО.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој потег?

V/2.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Посетата и договите кои се навестуваат од посетата на Чешката Република.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ханџиски

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас синоќа се вратив доцна од пат и не знам какви информации се пласирани во нашите медиуми. Можам да кажам само дека тоа што е разговарано за време на нашата посета на министерството за одбрана на чешката Република, целото е апсолутно во функција на приближување на зголемување на можностите на Република Македонија за рамноправно членство во НАТО пактот. Ако станува збор за тоа, ако има поттекст прашањето, дали евентуално кога Република Македонија би набавила одредени борбени средства од Чешката Република , за разлика од тоа што би можела да набави или би набавила од некои западни земји, дали тоа ја приближува или ја оддалечува од НАТО пактот, можам да ви кажам дека одговорот е дека целокупната соработка на полето на одбраната со Чешката Република и евентуално набавување на борбени средства од Чешката Република подеднакво ја приближува Македонија спрема НАТО пактот, колку што би ја приближиле ако такви средства се набават од Западните земји. Сакам само да Ви кажам дека во целиот свет е пренесена пораката што дојде со меморандумот што претседателот Клинтон го достави до Американскиот конгрес, иако ембаргото за увоз на оружје во Република Македонија се уште не е симнато, тоа ќе биде целосно симнато на 11 јуни, сите држави во светот се спремни да испорачуваат такви борбени средства, какви што ќе има можност да купи во овој дел од регионот само Република Македонија и Република Словенија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Руфи Османи.

V/3.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко ќе поставам неколку прашања.

Прво, до Министерството за образование и физичка култура. Зошто не се врши нострификација, зошто не се врши нострификација на дипломите на дипломираните студенти што се граѓани на Република Македонија, а дипломирале во Универзитетите во Република Албанија и што презема надлежното министерство да се надмине ваквата состојба. Прашањето го поставувам од причини што од постојниот закон нострификацијата се врши во соодветните факултети во Универзитетите во Македонија. Мимо фактот што Република Македонија нема склучено меѓу државна спогодба во сферата на образованието со ниедна држава, се врши нострификација и признавање без вери- фикација на стекнатите дипломи во други држави, како што се Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Турција, и други, додека исклучок се прави само за Република Албанија. Е, за секоја критика дискриминаторскиот однос на скоро сите факултети во Скопскиот универзитет, како и на Министерството за образование во досегашната практика ги мал- третираат овие студенти кои се дипломирани во универзитетите во Тирана, упатувајќи ги со клаузулата дека никој не е надлежен да им дава правен патоказ, како и сите да посетуваат. Не сакам многу да елаборирам, верувам дека при одговорот што ќе го даде дотичното министерство ако треба ќе презентираме и конкретни податоци,бидејќи се работи за една бројка од досега утврдени некаде 50 0-тини дипломирани студенти кои чекаат веќе од четири, две, три години да им се нострифицираат дипломите, а не им се врши таа нострификација. Па, замислете г-да дипломирани академци, шетаат луѓето горе доле, се упатуваат да земат правен патоказ што да прават и никој никаде не ги упатува. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е, кој е ставот, пак до Министерството за образование, а во однос на првото прашање барам писмен одговор. Кој е ставот на Министерството за образование и физичка култура во однос на дипломираните студенти во Универзитетот во Приштина на настава на албански јазик за студенти кои се граѓани на Македонија и кои чинот на осамостојување на Република Македонија односно 1991 година ги најде во тековен процес на студии и истите во меѓу- време дипломирале на наставата на албански јазик.

Како предвидува да што разреши овој наводен проблем надлежното министерство? Прашањето го поставувам имајќи предвид дека скоро идентично како со првото прашање се поставува и во случајот со дипломираните академци од универзитетот во Приштина, а сето тоа се поврзува со актуелниот статус што го има универзитетот во Приштина, а кој статус произлегува од целокупната состојба, која е актуелна во Косово. И за ова прашање барам писмен одговор, па откако ќе го добиеме одговорот, ќе се вклучиме, ако треба, и со дополнителни аргументи и бројки. Овде се работи, само ќе напоменам, за некаде од прилика од 600 до 700 дипломирани студенти во која група имаме студенти, кои имале после денот на осамостојување на Македонија еден, два, три или четири предмета и сега замислете, во меѓувреме ги дале тие предмети, а луѓето шетаат горе долу и никој не ги упатува правно што да преземаат. Постои едно толкување на Министерството за образование во кое се кажува дека се признаваат само тие дипломи кои се издадени од легални и легитимни институции на одредени држави. Па, сходно на тоа, од кога ќе го добијам одговорот, ќе се вклучам во дополнително прашање или нешто друго.

Третото прашање е кои правни мерки предвидува да ги преземе Министерството за образование и физичка култура и Министерството за правда , за да директорот на централното основно училиште "Гоце

Делчев"-Гостивар ја спроведе правосилната судска пресуда под број ПБ.550/95 од 19 07.1995 година. Напоменувам дека горенаведената правосилна пресуда гласи во полза на тужителот и истата е правосилна мимо укажувањата и писмените записници на трудовиот инспектор, на просветниот инспектор дотичниот директор не ја применува правосилната судска пресуда. Јас во една прилика разговарав за оваа работа со Министерот за правда. Инаку, запознати се одредени органи во Министерството за образование, но од сето тоа нема никакви ефекти. Верувам дека во писмениот одговор на ова прашаше ќе се потврди дали во Македонија, барем делумно дејствува, односно функционира правната држава или воопшто не функционира.

Четвртото прашање е, по повод меѓусебното признавање помеѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора односно СР Југославија г-дин Фрчковски изјави: "Се означува конечна пацификација на Јужен Балкан. Тука веќе нема отворени прашања, а сега се затвора и последното на успешен начин". Имајќи предвид дека сигурно тоа е и став на Владата на Република Македонија , го прашувам г-динот потпретседател на Владата Бекир Жута како се усогласивте во Владата да се изврши замена помеѓу косовското прашање и наводното отворено прашање на Македонија по г-дин Фрчковски, прогласувајќи го второто за последно отворено прашање и прогласувајќи ја по тој повод пацификацијата на Јужен Балкан со дефакто окупирано Косово од Србија. Прашањето го поставувам, имајќи предвид дека став е на вашата партија, барем декларативно, дека ја поддржувате Република Косово и дека без решавање на Косовскиот проблем нема да има пацификација на Јужен Балкан и дека последно отворено прашање на Балканот е токму Косовското прашање, а не македонското прашање , како што изјави г-дин Фрчковски.

На последното прашање може и усмено да се одговори.

V/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Бекир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Прашањето на меѓусебното признавање меѓу Република Македонија и сојузна Република Југославија е веќе старо и актуелно прашање и ги има своите димензии. И ги има своите димензии за интересите меѓу две држави, за која ја не би сакал да зборувам овде , затоа што сите вие сте сведоци на тој план и значењето на меѓусебното признавање е и отворањето на можностите за воспоставување на економски и други контакти. Она што беше проблем, кој ги предизвикуваше сите последици врз стопанството на оваа земја.

На политички план, исто така го оценуваме позитивно прашањето на меѓусебното признавање меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија и оценуваме дека таа има позитивни ефекти и тоа многу струки, прво, за да го обезбедува мирот на целиот Балкан.

Второ, таа да придонесува во подобрувањето на состојбите исто така, на овие локалитети и потесни и дека во секој случај позитивни ефекти има и врз прашањето на Косово. Меѓутоа, сигурно е меѓу двата овие субјекти не може да биде предмет на разрешувањето на проблемот на Косово, туку може само да стане збор за улогата на оваа држава на меѓународен план да дава поддршка во разрешувањето на статусот на тој проблем, кој е актуелен, а не во еден акт кој е меѓу две држави, кој ги решава проблемите меѓу тие две држави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Османи има дополнително прашање.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи воопшто не сум задоволен од одговорот на г-динот Жута мене не ми е потребно да се образлага што значи воспоставувањето на

V/7.-

односите помеѓу Македонија и Србија и Црна Гора, прашањето беше конкретно. Во однос на пацификација на Јужниот Балкан и во однос на последното отворено прашање, па барам на овие два моменти каде што беше упатено моето прашање да добијам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Костаќев.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри,дами и господа пратеници. Сакам да поставам две пратенички прашања. Тие се однесуваат до Министерството за стопанство,и до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. А еве за што се работи. Производството и пласманот на раноградинарските земјоделски култури за некои од нив е во полн ек, а за поголемиот е на самиот праг. Поголемиот дел од тие култури на самиот праг. Но, нашите земјоделци се судруваат со истите проблеми, како и минатата година, дури би рекол изразени во уше по остра форма. Нивните проблеми не се толку големи во делот на производството, тие знаат да произведуваат и тука се навистина велемајстори. Тие не можат да го продадат односно да го ефектуираат својот производ. Тука, мораме да признаеме, многу малку им помагаме и ние во парламентот преку законодавна власт и надлежните министерства како извршна власт. Познато е дека нашите земјоделци, покрај храна за пазарите во нашата држава произведуваат и нешто повеќе и за пазарите во другите земји пред се, за пазарите во Србија и Црна Гора, а се надевам во скоро време и за пазарите во Босна, која пред војната беше најголемиот консумент на земјоделците производи од нашата земја. Но, токму тука со нашиот северен сосед се судрија со најголеми проблеми. Со воведувањето царина од 20 до 25% на земјоделските култури, потег со кој нашите производи по цена не конкурентни на пазарите во оваа земја.

V/8.-

Вториот проблем се состои од долгото чекање на границата спрема Сојузна Република Југославија, често пати и по два, три дена, заради тоа што чекаат во иста лента со возилата кои носат нафта или друга нерасиплива стока, односно на истата лента и со возилата кои транзитно ја минуваат сојузна Република Југославија.

Првото прашање гласи:,

"Дали е можно нешто да се направи во смисла да се укине царината на земјоделските производи или барем да се намали и таа најмногу да изнесува 5%Уште повеќе што деновиве како што знаеме, е потпишана спогодба за потесна соработка и воспоставување на целосни дипломатски односи меѓу нашата земја и Сојузна Република Југославија. Второто прашање е дали е можно возилата кои превезуваат земјоделски производи да имаат предимство на границата спрема Северниот сосед, односно да се престројуваат на посебна лента, со што би се избегнувало долготрајното чекање и расипувањето на производите. Одговор барам и усмено и писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој претставник на Влада ќе одговори?

Г-дин Бекир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

со склучувањето на договорот за меѓусебното признавање дефакто се отвораат можности и за воспоставување на мостови за економска соработка со Сојузна Република Југославија, односно со Република Србија и со Република Црна Гора. Наскоро ќе треба да почнат разговорите во разни подрачја и во разни сегменти во Општествено економскиот живот и прашањето на царините може да биде и ќе биде едно од прашањата, не само во сферата на земјоделството, туку воопшто како предмет на разговори и договори, но не можеме уште од сега да оценуваме каков ќе биде крајот на тие разговори во тој домен.

Мислам дека после разговорите можеме да очекуваме кој ќе биде резултатот и дали ќе има позитивен ефект она што ќе се инсистира од тие разговори и преговори со другата страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот е задоволен од одговорот. Г-дин Паракеов, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Во врска со второто прашање ние апсолутно се определуваме како Министерство за земјоделство да може возилата кои што носат храна, кои што носат земјоделски производи свежи, за да не чекаат и да не губат време и во квалитет, меѓутоа, во секој случај прашањето на регулирање на сообраќајот и на премините не е надлежност на нашето министерство. Но, ние го поддржуваме тоа да може да се овозможи тие производи да минуваат побргу и полесно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот е задоволен од одговорот. Г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас ќе се трудат накратко да поставам неколку прашања, без разлика дали некој од министрите што треба да бидат присутни не се тука, јас ќе почнам од Министерството за образование и физичка култура. Имам сознанија дека во општина Прилеп неколку села, четири села таму, село Црнилиште, Лажани, село Десово, и село Дебреште. На тие села има еден одреден број ученици кои треба да патуваат од едно до друго училиште повеќе од три километри, затоа што не им се овозможува да учат на свој јазик, на албански јазик, во тие села каде што има училиште до четврто одделение.

**ЗЕКИР КДДРУ :** (продолжение)

Го прашувам надлежното министерство дали и тука треба да се почитува законот и дали е во ред да патуваат 70 ученици од едно до друго училиште само заради тоа што има подобри услови во другото училиште каде исклучиво има само 20 ученици.

Второто прашање до Министерството за одбрана. Прашувам, која е националната структура на корисниците на студенските и средношколските кредити за учебната 1995 - 1996 година.

Второто прашаше исто така до Министерството за одбрана. Ме интересира и прашувам, која е националната структура заклучно со 31.XII.1995 година, на старешинскиот кадар во АРМ , на војниците во АРМ и на старешините војници, по војнички единици на ниво на АРМ и на корисниците на станбениот фонд на АРМ:

И, последното прашање без разлика дека последниот дискутант го спомна, јас во една друга форма, мислам дека е важно прашање и ја прашувам Владата на РМ, кој е званичниот став на Владата на РМ во однос на косовското прашање, дали истото од актуелната Влада се третира како внатрешно прашање на Србија или пак се почитува волјата на албанците на Косово изразена преку референдум за независно Косово. За прашањата сакам да бидам информирам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Пратеникот бара одговор на прашањата во писмена форма.

**ИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, господа присутни во салата, Првото прашање, Владата на РМ како извршна власт, од кои мотиви одби досега да контактира со органите на тетовскиот универзитет бидејќи таква иницијатива за контакт со Владата од страна на Ректоратот беше покрената неколку пати, но Владата досега одби да одговара на оваа добронамерна иницијатива од се уште непознати причини за јавноста. Ако Владата и понатаму настојува да ги избегне контактите со

Ректоратот, јас прашувам , кој е тој друг орган што треба да го решава овој проблем и со кого треба органите на Универзитетот да разговараат.

Барам писмен одговор на ова прашање.

Второто прашање, дали Владата на РМ има намера да предложена измена на Законот за државјанство како последица на кој закон голем број на наши граѓани без нивна вина по усвојувањето на овој закон нивниот граѓански статус е доведен во независна положба. Во неможност да ги уживаат елементарните граѓански права се ризикува и нивниот граѓански идентитет. Напоменувам, до донесување на овој закон сите граѓани беа државјани на истата федерација во чиј состав беше и Република Македонија. Прашувам, кој е правниот статус на овие граѓани кои моментално се третираат како апатриди и кои се нивните права и обврски во системот на оваа држава.

Исто така на ова прашање барам писмен одговор.

**ИЛИЈА КАРОВ;**

Почитуван претседателе , почитувани дами и господа, почитувани министри,

Би сакал да поставам едно прашање до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Последните три четири години површините под ориз рапидно се намалија. Пред три четири години површините под ориз во РМ изнесуваа некаде измеѓу 8 о 9.000 хектари. Меѓутоа, нешто од политикант што се водеше изминатите три четири години, нешто допринесе и хидрометеоролошката состојба во РМ да површините под ориз се намалат на околу 1000 до 1.200 хектари . Драстичен е случајот минатата 1995 година каде што беа насеани од прилика од 1.200 хектари под ориз. За оваа година хидролошката состојба е добра и се предвидени да се

насеат од прилика околу 4.500хектари под ориз. Меѓутоа, за да се насеат овие 4.500 хектари под ориз недостасува квалитетен семенски материјал. Најмногу што може да се прибере и да се обезбеди во Републиката од семенски материјал е максимум за 1000 хектари,што значи 3.500 хектари останувaат непокриени со семенски материјал, ниту пак се располага со семенска арпа која би можела евентуално во вакви случаи да се користи како семенски материјал.

Прашањето го упатувам до ресорното министерство, како следното: Што планира Министерството за земјоделие да презeме како ургентно, камо ургентен случај, сега во овој момент да обезбеди семенски материјал од увоз за површина од 3000 хектари.

Со законот за семе не може секој да увезува семе, добро е потпишано кој може да увезува, и кој може да се бави со промет на семенски материјал, што значи овие земјоделци, земјоделските производители кои што се занимаваат со производство на ориз во никој случај не можат сами да обезбедат. Јас сум убеден дека во овој момент Владата ќе најде сили да го реши овој проблем во смисла да обезбеди увозник на семе, да обезбеди држава од која ќе се изврши увозот на семенски ориз понатаму да обезбеди дел на средствата за увоз иако јас го знам расположението на земјоделците, тие се подготвени, веднаш да си го платат тој семенски материјал, така да не би било на терет на Владата.

Укажувам дека, иако се определи Владата и министерството да помогнат во оваа состојба да се даде приоритет на некои од регистрираните сорти во Македонија и по можност овие сорти бидат од што пократка вегетација од причина што оптималниот рок за сеидба е од 15 април до 15 мај, претпоставувам дека за целата оваа постапка ќе треба малку повеќе време и ако се закасни со увозот на вакви сорти мислам дека не ќе има доволно време истите да созреат, па затоа укажувам на потребата околу увоз на сорти со нешто пократка вегетација.

Одговорот го барам усно, ако е можно.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

За ваквата состојба со производството за ориз, најверојатно на сите ни е познато, два се основни фактори, тоа се временски, те прилики кои што владееа последните години, па сушите, и во кои што прилики самите производители правеа планови, намалуваа површините, за да нема после тоа други штети кои што ќе се предизвикаат претходно со сеењето, а потоа со не обезбедување на вода, да не можат сите, однос-но пропаднат сите површини и вториот момент е од губењето на пазари-те кое што го имавме, и во прашањето беше содржан одговорот дека сега се и двата фактори бар за оваа година надминати, вода ќе има доволно, исто така, со регулирањето на односите и со Југославија и со другите држави од бивша Југославија кои што настанаа мислам дека и пазарите ќе бидат достапни и дека ќе бидат проблемите со пласманот на оризот далеку помали од тоа колку што беше досега,

Во однос на второто прашање мислам дека навистина е сосема проѕирно дека нема потреба да се чека денеска 11 април и да се каже дека од 15 април до 15 мај е рокот за сеидба, да се побара едно вакво нешто за кое сепак ќе направиме напор, но сепак сакам да кажам,не мора да се чека пратенички прашања да се поставуваат , туку ние нудиме соработка иако ги има вакви и слични прашања кои се врзани особено во земјоделството со рокови кои што не треба да се пропуштат, мислам дека не треба да се чекаат вакви прилики, ами тоа директно да го правиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Каров дали е задоволен од одговорот?

VI/5.-

**ИЛИЈА КАРОВ :**

Јас не можев да слушнам и не можев да разберам од г-динот министер дали нешто ќе направи Министерството од своја страна до некаде да интервенира со увоз на семенски материјал за оваа пролетна сеидба. Конкретен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи барате дополнително да ви се одговори писмено или не. Добро! Бидејќи министерот рече министерството ќе се вклучи. Добро! (пратениот од место побара писмен одговор)

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Прашање до Министерството за правда:

Има ли можност за времено замрзнување на купопродажните договори кои како предмет на купување односно продавање имаат национализирано земјиште и објекти. Ваквите договори во последно време неоправдано брзо се форсираат низ повеќе судови низ Македонија, очигледно некој сака смислено да профитира , со што дополнително се комплицира проектот на законот за денационализација кој се очекува наскоро да дојде и во собраниска процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи министерот не е тука, се разбира одговор ќе добиете во писмена форма.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа, имам да поставам три прашања кои се на некој начин поврзани и слични-

Прво, до Владата на РМ, започнаа реформите 98-99 година па наваму, постојано на некој начин се спроведуваат, меѓутоа на некој начин беше ветоно и кажано дека во трошоците поради спроведување на политичката, економската и другите реформи да не ги набројувам, што требаше да ги направиме во тогашна Југославија односно во Македонија,

за нашите трошоци во Македонија, ветено е дека дел од трошолите ќе ни бидат надокнадени со Европската заедница и од други фондови, институции кои што даваа насоки за спроведување на реформите и приватизацијата.

Прашувам:

Колку изнесуваат овие трошоци поради трансформација на општествениот капитал, спроведување на реформите, економска политика, пазарно стопанство и тн. да не ги набројувам изнесуваат трошоците и колку изнесува штетата и кога и од кого ќе бидат наплатени трошоците и штетата. Тоа е првото прашање.

Второто прашање на Владата на РМ поради тоа што организациите на ОН донесоа одлука да се стави ембарго на Србија. Со ставањето на ембаргото на Србија истовремено РМ претрпи огромни штети и направи трошоци. Каде се трошоците, извозот, увозот, транспортни трошоци и другите трошоци што ги направи, истовремено и штетите што ги претрпи. Прво, колку изнесуваат ваквите трошоци и штети направени од ембаргото, колку се тие штети и трошоци за Македонија, кои и кога ќе бидат платени ваквите трошоци и штети.

Третото прашање поради блокадата од Република Грција на Република Македонија истовремено се направија исто така огромни штети и трошоци. Исто така прашувам: прво, колку изнесуваат трошоците на кој и кога ќе ги плати овие штети и трошоци на РМ.

Мислам дека за јавноста односно за нас пратениците се уште се непознати сумите, висината колку изнесуваат тие трошоци и исто така не знаеме кога ќе бидат*платеник, па поради тоа ги поставувам овие прашања до Владата на РМ, на кој начин би се обесштетила РМ.

**БЕКИР ЖУТА:**

Прво, уште во почетокот да констатирам дека не оти не е информирана јавноста за големината на штетите што се предизвикани

на стопанството на РМ со санкциите према север и блокадата према југ. Тие не еднаш се користени, но не во функција јавноста да биде по секоја цена информирана, макар да индиректно е информирана, туку во функција на тоа да се искажува тежината на проблемот и последиците на тој проблем врз стопанството и воопшто, вкупниот економски и оптествен живот на оваа Република ни крива ни должна да има толкава штета без таа да има влијание во тоа. Вкупните штети се од прилика околу 4 милијарди долари. На северната граница тие се димензионирани околу 3 милијарди, на јужната граница се нешто околу 900милиони долари.

Едно време Комисијата на Советот за безбедност се сомневаше на реалноста на податоците па примени еден друг метод со кој бараше во одредени обрасци што тие ги презентираа, тие ги направија тие обрасци и ги доставија во РМ, а тие беа дистрибуирани кај сите стопански субјекти за да тие ги пополнуваат тие обрасци и на тој начин се потврдува и поединечната штета за секој стопански субјект и вкупната штета за целото стопанство на РМ и која се совпаѓаше со она што претходно беше направено како калкулација за предизвиканите штети на тој план. д

Владата на РМ прави напори и при секој контакт со органите на Советот на Европа при секој контакт на Унијата, Европска, не го забррава покрај другите што ги прави за нејзино членување односно пристапување кон тие органи а да не го актуализира прашањето за надоместување на штетите. Веројатно тогаш кога ќе има одговор на тоа прашање. тогаш ќе осведочиме и резултатот од тоа. Ова е одговорот на прашањето-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, би сакал да го искористам своето право и да поставам неколку пратенички прашања.

Прво, по втор или по трет пат потсетувам дека се уште не ми е одговорено на прашањето што го поставив уште во мај месец 1995 година, каде и се движеше законот за отстранување на штетите од земјотресот во Битола, бидејќи знаеме дека многу доцнеше. За жал и после толку месеци, уште малку и годишнина ќе славиме, се уште немам добиено одговор на поставеното прашање.

Второ, сакам да потсетам односно пак да го реактивирам прашањето што го поставив пред 4-5 месеци, а кое се однесува на цената на дериватите во Македонија. Јас тогаш прашав кога Владата мисли да ги поевтини дериватите, бидејќи нивното поскапување беше презентирано со зголемените трошоци за набавка и дистрибуирање на дериватите. Сега кога веќе се смирени односите околу нас, кога начинот на набавка се стабилизира и се врати на старите принципи, мислам дека е сосема во ред и поштено и дериватите да се вратат на цена која би требало да биде, како што е насекаде околу нас. Факт е дека супер бензинот никаде не се движи повеќе од 1ДМ, некаде е испод 1ДМ, а ние го имаме некаде по цена по 1;$ за еден литар.

Се уште Владата не ми одговори кога мисли да ги намали цените и дали воопшто мисли да ги намали, или пак евентуалното останување на цените на тоа ниво значи и признавање на неофицијалната инфлација, односно дека марката би требало да чини баш толку колку што е сега 36, колку што е 1 литар бензин.

Трето пратеничко прашање кое сакам да го поставам се однесува на дискотеките, клубовите и другите амбиенти каде младите во изобилие се движат и престојуваат.

Ме интересира каква е состојбата со таквите објекти во РМ, односно со нивната обезбеденост од непријатни последици и од штета по здравјето на младите, бидејќи скоро година дена или колку поминаа од немилиот случај кога имавме изгубен еден млад човечки живот. Затоа ме интересира каква е моменталната состојба и што се се презема во таа област, на младите односно на идните генерации да им се обезбеди сигурен живот.

Втор дел од тоа прашање е , бидејќи своевремено се донесе и еден закон со кој се лимитира времето на работење на кафеаните или популарно т.н. кафиќи. За жал, сведоци сме дека се почесто и почесто младите излегуваат се подоцна и подоцна. Фактот што не ги гледаме на улици укажува дека тие се некаде влезени во некои објекти и дека тие кафеани и кафиќи работат по цели ноќи и за жал денес имаме појава младите од 15-16 години па нагоре да излегуваат во доцните вечерни часови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Видимче поставете го прашањето.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас го поставив прашањето и го давам образложението, па ве молам, слушајте ме па ќе знаете што прашувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако отвориме расправа тогаш ќе кажете на долго и широко. Сега. поставете го прашањето.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас само го образложувам моето прашање, а имам право на тоа по Деловникот.

Фактот дека младите се повеќе излегуваат во доцните вечерни часови, јасно укажува дека , сепак, тој закон што ние го донесовме не се почитува и барам со информација од Владата да ми се образложи колку и како се почитува законот и што се се презема за негово почитување, односно да им овозможиме на младите деца што повеќе да го поминат времето онака како што мислиме дека треба.

Четвртото прашање што сакам да го поставам е во тесна врска со Нацрт-законот за царински тарифи.

Во овој Нацрт-закон е предвидено царинските давачки за увоз на возила да се рапидно зголемат.

Би сакал од Владата да добијам информација која многу ќе ми помогне на мене и другите колеги барем овој дел од тој закон добро да го разбереме. Имено, сакам да добијам информација како се движеше увозот на возилата во последните 5 години во РМ и тоа сврстен по карактеристики, односно по цените на возилата, односно кубикажата.

Второ, во последните години , исто така, во истиот период, колави проценти во Буџетот се остварија на име на царини за увоз на возила и сето тоа паралелно поткрепено со прегледот на царинските стапки кои важеле во тие периоди за да би можеле јасно да ги уочиме движењата на царините, а згора на тоа и приливот на средствата во Буџетот, бидејќи тие работи се многу тесно врзани.

Втор дел од ова прашање е, бидејќи во образложението баш за оваа точка во Нацрт - законот стои за патнички автомобили во прв и втор степен на раздвоеност извршено е намалување на стапката на царини

како и за определени делови за ..... со оглед на намерата во нашата држава скоро време да се врши склопување на вакви возила".

Јас сега поставувам прашање до Владата а тоа е следното: Ако е тоа така, би сакал Владата да ми каже чија е таа намера, бидејќи Владата го презентира тоа па да добиеме согледување чија е таа намера и какво склопување ќе се врши, <во кој облик. Дали се мисли на склопување , онаа класична шрафцигер индустрија, или се мисли на класично производство, колку вработени ќе има во таа индустрија која се наговестува во ова кратко образложение, колку додатни фирми ќе бидат вклучени околу таа индустрија, така да сите аргументи ако се дадат ќе ни помогнат добро да размислиме дали ќе имаме право некого да штитиме или ќе треба да ги штитиме граѓаните.

Јас се надевам дека одговор на ова последно прашање ќе добијам за кратко време, бидејќи ако одговорот го добијам после донесувањето на овој закон тој нема да биде потребен.

На крајот последното прашање кое сакам да го поставам е упатено до Владата на РМ односно до Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, а гласи:

Зошто по конкурсот објавен на 24 јануари 199 6 година во весникот "Нова Македонија", за прибирање на писмени понуди е избрана фирмата која понуди двојно повисока цена од друга фирма.

Образложение:

По тој конкурс кој беше објавен во "Нова Македонија", како што реков, пристигнати беа понуди и како што стои во конкурсот на 6 февруари беше закажано јавно отворање на понудите.

VII/5.-

Во глава V од Конкурсот стои: "Пристигнатите понуди ќе се отворат јавно со сочинуваше на записник, на 6 февруари 1996 година во просториите на Клубот на републичките органи во 10,00 часот. Понудувачите со себе да понесат овластување за застапување на претпријатието. Евентуалното намалување на вредноста на понудата, понудувачите да го имаат ковертирано на денот на јавното наддавање на понудите.

Дополнителни усни и писмени намалувања на понудената цена нема да бидат земени во предмет."

Според записникот од отворањето на понудите констатирано е кој се фирми се присутни и како заклучок стои дека одредена фирма нуди таа работа да ја изврши за 3.462.104 денари и во прегледот според другите фирми таа е апсолутно најевтина. За жал иако ова се одржа на 6 февруари, таа фирма која понуди најевтина цена, на 20 март доби информација составена од 5-6 реда во која стои дека таа не ја доби работата, туку работата ја доби друга фирма, која пак фирма, во извештајот стои дека при отворањето на понудите понудува двојно повисока цена, односно ако фирмата, поевтината понудила 127.000ДМ , другата фирма побарала 255.000ДМ.

Според член 32 став 1 од Законот за облигациони односи стои дека понудата е предлог за склопување на договор направен за определено лице кое ги содржи сите суштествени состојки на договорот, така што со негово прифаќање би можело да се склучи договор.

Оттука произлегува дека во случаите кога е дадена јавна понуда и кога ќе се јават повеќе понудувачи, секој што ќе ги прифати условите наведени во јавната понуда, може да склучи договор со понудувачот.

За да може помеѓу многу понудувачи да се избере еден, во понудата се ставаат посебни услови. Најчесто тоа е понудената најмала цена.

Според законот оној кој ќе ја прифати понудата, како во однос на општите , така и во однос на посебните услови се смета дека го заклучил договорот со доставувачот на понудата. Неговото писмено препишување е само формална верификација.

Врз основа на тоа не прифаќањето на најповолната понуда повлекува судска заштита и тоа како по однос на утврдувањето кој понудувач ќе мора да заклучи договор, така и по однос на надомест на штети.

Јас барам од Владата писмен одговор, бидејќи , сепак, во овој случај се работи за конкретна штета од некаде 180.000ДМ на име на буџетот.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Да го потсетам г-динот Кире Видимче на второто прашање дека не ги гледал материјалите за денешната седница. Одговорот за нафтените деривати му е презентиран. Јас немам друг коментар од одговорот што му е даден.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас имам две прашања од сферата на стопанството и екологијата, а се врзани со Рудникот "Тораница" - Крива Паланка.

Од депонијата за олово - цинковиот концентрат на Рудникот "Тораница" дел од опасната јаловина истечува во Крива Река.

Прашањето е каков е степенот на загаденоста на водата на Крива Река, ако знаеме дека има четири категории, односно четири класи на загаденост, која институција врши и дали врши контрола на загаденоста на водата, какви се последиците врз растителниот и животинскиот свет, па и здравјето на луѓето во околината и како се информира и предупредува населението од околината. Загадените води од Крива Река поминуваат низ целото подрачје на општината, па се опасности и за поширокото подрачје, надвор од нашата општина'.

За ова прашање барам писмен одговор.

Второто прашање е до Министерството за стопанство, а можеби и до Министерството за развој.

Граѓаните од населбата Варошани, тоа е дел од с. Костур, во бројот 10 фамилии со 30-тина до 50 жители, кои живеат непосредно до депонијата на олово - цинковата руда.

Рудникот "Тораница" на тие граѓани треба да им обезбеди средства за дислоцирање, што не е сторено до сега, иако таму живеат 10-тина години.

Како и кога ќе биде решено тоа прашање за да не дојде до повторно блокирање на патот кон рудникот. Првата блокада е извршена на 1 април, а втората е закажана за после 35 дена па да не би дошло до повторно блокирање и парализирање на работите на рудникот.

Барам одговор во писмена форма, ако може и усно. Меѓутоа, одговорот не ми е итен," итно е решавањето на проблемот.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас сакам да поставам попрактични прашања.

VII/8.-

Првото прашање е упатено до министерствата кои се задолжени за автопатот Тетово - Гостивар.

Многу објекти останаа недовршени и што е планот за нивно довршување, околу тоа и за пристапот кон патот и за отстапот од патот. Особено сакам да подвлечам дека на средиштето меѓу градовите Тетово и Гостивар каде што е мојата изборна единица, тоа е токму на средина измеѓу тие два простори, две подрачја се останати скроз засечени. Тоа е с. Пирок кое нема ниту излез ниту влез во патот, односно за обработка на земјиштето од каде треба да се оди, затоа што таму каде што е направен подвозот нема пат до селото, а таму каде што има пат до селото нема ни надвозник, ни подвозник. Така да тоа село е затворено. Жал ми е што еве јас го поставувам тоа прашање бидејќи од тоа село имаме и пратеник, а имавме досега и министер од селото.

Вториот дел кој е критичен во ова е делот Чегране – Волковија - Стенче и Теново. Тоа е прво поврзување нивно со автопатот, бидејќи патот е скроз оштетен со носење на материјали од Волковичката планина до автопатот, а не се поправени, оставени се така, како што се нарушени со возење на тешки камиони, разрушени патишта и објектите кај патиштата.

Прашувам , доколку е планот тоа да се доврши, бидејќи селаните немаат пристап до автопатот, па е прекината и комуникацијата меѓу Тетово и тие села по долниот пат, значи по сувогорскиот пат до таму. Прашувам за да се тоа на некој начин актуализира низ министерствата и Агенцијата за патишта и тоа да се поправи.

VII/9.-

Второ, до Министерството за правда сакам да се обратам со следното прашање.

До каде се подготовките на законот за територијална поделба на Републиката, која процедура е предвидена за тоа, од страна на граѓаните да се верификува пред донесување на тој закон и трето потпрашање на ова потпрашање зошто се дозволува експертите самоволно да даваат изјави во врска со законот, а повикани се да помагаат таму, не да ја одмагаат работата на Министерството. Ова го кажувам затоа што веќе нивни изјави создаваат политички проблеми на теренот.

Третото прашање се однесува до Министерството за надворешни работи.

Сакам прво да укажам дека има многу поизострени критериуми за визниот систем на нашите граѓани во европските земји па и во бившите ЈУ земји. Тоа значи се повеќе се отежнува нивниот престој времен таму, работа и друго.

Прашање до Министерството што презема на тој план за да во европските земји и други земји каде што се заинтересирани наши граѓани за привремен престој и работа, да им се олесни нивната пасошно - патничка и престојниот статус таму.

Четвртото прашање е врзано за Министерството за образование.

Сакам да прашам за ставот на Министерството во врска со наставниците кои завршиле досегашна виша педагошка школа, двопредметна настава по предметите албански и македонски јазик.

Дали овие наставници по двата предмети се квалификувани да предаваат во училиштата, без оглед на наставен јазик во училиштата. Ова го прашувам заради следното:

VII/10.-

Од 14.02.1996 година има писмо од сегашниот ВД декан на новоформираниот Педагошки факултет, г-дин Борислав Мицевски, во кое он тврди дека наставниците кои завршиле во Педагошка академија албански и македонски јазик немаат право да изведуваат настава на македонски јазик во одделенијата на албански јазик. Бидејќи,како,за тоа не биле оспособени, а бидејќи таа школа работеше двопредметно, дали тоа значи дека и тие што завршиле хемија и физика, по еден предмет, немаат право, тие што завршиле математика и физика, тие што завршиле биологија и хемија. Не може два стандарди за иста работа. Тогаш се имало предметна програма за оспособување на наставниците по двопредметното образование што го вршеле таму.

Барам одговор во писмена форма.

VIII/1 ЈМ/НД

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, имам неколку прашање кои сакам да ги поставам.

Првото прашање е, колкав е процентот на наплата за 1995 година на надоместок за телевизија на ниво на Република Македонија и посебно колку е тој процент на наплата за градот Скопје кој има трети канал и за градот Куманово кој нема трети канал. И што има превземено Македонската телевизија за наплата на ненаплатениот надомест.

Второ прашање што ќе преземе Македонската телевизија да нејзината програма може да се гледа и во Козјачието кое опфаќа над 20 села од село Пелинце преку село Длабочица до село Бајловце каде денеска не се прима сигналот на Македонската телевизија, туку се прима само сигнал на други ТВ куќи надвор од нашата Република.

Трето прашање, што може да преземе Владата на Република Македонија да добиените кредити за развој на стопанството, пред се на малото и средното, на малите и средните претпријатија можат да ги користат и стопанствениците од Куманово. Имено поднесените барања до овластените банки за распределба на добиените кредити од страна на стопанствениците од Куманово се одбиени со образложение дека тие не се нивни комитенти, што е и точно бидејќи да сите се комитенти на инвестиционо кредитната банка во Куманово која во минатиот близок минат период се издели од Стопанската банка. Овластените банки кои вршат распределба на добиените кредити Комерцијално - инвестициона банка, Стопанска банка, Алмако банка немаат свои филијали во Куманово и ова уште повеќе ја усложнува можноста да кумановските стопанственици можат да дојдат до користење на овие кредити.

Четврто прашање има ли можност да се намали таксата при заверување на дадените хипотеки во судовите за земени кредити која денес изнесува 3 илјади германски марки што според мене е многу висока и сметам дека таа уште повеќе ги оптоварува малите стопански претпријатија.

Барам да ми се одговори во писмена форма.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, моето прво прашање е бидејќи Врховниот суд на Македонија го оспори начинот на пресметката и наплата на затезната камата со свое правно мислење од 26.02.1996 година ја прашувам Владата, кој е одговорен што скоро после три години на незаконски начин е пресметувана и наплатувана затезна камата и што досега е преземено во смисла на одговорност. Горе изнесеното го поставувам од аспект дека многу претпријатија по ваков начин на пресметување и наплатување на затезна камата се доведени до работ на пропаѓање, а многу од нив отидоа и во стечај. Во тој однос имаме, или имавме огромен одлив на општествен капитал, а со тоа огромни средства од финансовиот капитал се прелеаа во приватни раце.

Моето второ прашање е што е превземено досега и кои активности ќе се преземат од Владата и од ресорното министерство за конечна реализација на изградбата на патниот правец Растеж Брана Козјак. Ова прашање го поставувам од име на Здружението на граѓаните од Поречје кои живо се заинтересирани овој патен правец да биде оспособен, односно изграден и да биде пуштен во промет. Напоменувам дека моите

корени не се од таму. Јас сум почесен член на Поречаните.

Моето трето прашање е, што преземала, или што ќе преземе Владата на Република Македонија односно ресорното министерство да се спречи злоупотребата на податоците од ливчињата а во врска со граѓанската иницијатива за предвремени парламентарни избори. Господо знаеме дека оваа граѓанска иницијатива опфаќа широки слоеви, луѓе од сите партии и од сите занимања во институции и надвор од институциите на државата. Мислам дека со право го поставувам ова прашање бидејќи по најавата дека ливчињата ќе се испитува дали сите потписници имаат избирачко право со тоа се доведува во можност да одредени субјекти кои ќе учествуваат во таа операција можат да ги злоупотреба' податоците и затоа барам одговор од Владата, односно од ресорното министерство.

Барам да се одговори во писмена форма.

**ЈОРДАН БОЖИНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, пратеници, имам едно прашање до министерот за финансии. Всушност прашањето е од Претседателството на пензионерите од Прилеп од името на 12 илјади пензионери од Прилеп и се состои конкретно во следното:

Дали во државниот буџет за 1996 година се предвидени средства за исплата на една од двете заостанати неисплатени пензии. Прашањето го поставувам бидејќи пензионерите од Прилеп имаат непотврдена информација за буџетски средства предвидени за оваа намена. Одговор по можност барам усмен, а во спротивно и писмен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе го добиете во писмена форма.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, прашањето е насловено до Министерството за труд и социјална политика. Имено, група пензионери од Битола прашуваат посебно пензионирани во 1995 и 1996 година. Зошто пензиите на оваа група на граѓани пензионирани во 1995 и 1996 година изнесуваат 64,216% од пензиската основица, а не 80% како што е регулирано со одредбите на член 33 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, "Службен весник на РМ" 80/93). Имено, за пензиски стаж од 40 години согласно член 33 од Законот прво се определува пензија во висина од 80% од пензиската основица, а веднаш во наредниот став на решението за пензија оваа пензија се множи со коефициент 0,8027, или 0,8027, и се до- бива просечна пензија на месечно ниво која изнесува 64,216% од пензиската основа. Коефициентот 0,8027 со кој што пензијата незаконски се намалува за 19,73% не се споменува во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, ниту пак е дадена постапка како тој коефициент се добива.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Првото прашање е до министерот за финансии, се однесува на следното. Ние во мај месец овој Парламент го донесе законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за социјална реформа и техничка помош.

Моето прашање е , дали министерот за финансии го потпишал овој договор и ако го има потпишано колку средства досега се потрошени на име на социјални реформи, а колку средства се потрошени на име на техничка помош.

Сведоци сме денеска дека во РМ имаме голем број на стручни лица во разни сфери и го поставуваат тоа прашање исклучиво од она сепак да бидеме информирани , бидејќи сепак овој Фонд од 14 милиони долари е едно големо бреме за идните генерации и добро би било овој фонд најрационално да го искористиме во сите овие сфери.

Второто прашање така ме побуди деновиве , се потопи едно дете во Кумановско во с.Пчиња и бидејќи бев најнепосредно врзан за таа несреќа дојдов до заклучок да го поставам следното прашање. Кој орган во РМ е надлежен да ја координира работата во однос на откривањето и изнаоѓањето на детето. Мислам може да се извлече заклучок за цела Република по повод на некои вакви, или слични случаи, меѓутоа, мене ме побуди еден ваков случај. И дали во РМ имаме стручна и компетентна екипа која може тоа да го прави на еден организиран и да не кажам до крај стручен начин. За сега сметам дека сепак во оваа работа постои една стихија, па само од себе и народот си го поставува тоа прашање на начин како тој тоа ќе го прави.

Значи прашањето ми е , дали во РМ има орган и кој орган и дали има екипа тоа да го прави?

Третото прашање е до Министерството за труд и социјална политика се однесува колку Републичкиот црвен крст во Република Македонија има поделено за овој период помош во натура и пари поделено за бегалци и за социјални случаи. Тоа би барал ако може тоа да се направи по општини.

Четврто прашање, ме интересира колку правни и стопански субјекти користеле помош од програмата Фаре за овој период поодделно

за секоја општина и колку правни и стопански субјекти користат сега кредит, не помош, туку кредит после потпишувањето пак по општини во Република Македонија?

Сите овие прашања би барал да се одговори во писмена форма, освен она што се однесува за малолетното дете да го чујам тој проблем. Кој орган тоа треба да го координира, дали имаме екипа за тоа?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има претставник на Владата за усмен одговор во врска со ова прашање? Не.

И за ова прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри и колеги. Прашање до Министерството за развој, односно Агенцијата за поттикнуваше на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

Во 1995 година Агенцијата има планирано средства, планиран приход од доспеани ануитети од пласмани преку поранешниот Републички фонд за кредитирање на развојот на неразвиени подрачја како планиран приход во висина од 21 милион и 600 илјади денари. По тој основ нема собрано ниту еден денар. Кои се причините за тоа и кои се непосредните корисници? Ова секако би имало влијание врз реализација на програмата на Агенцијата.

Второто прашање е исто така до Министерството за развој односно Агенцијата за стопански недоволно развиени подрачја во остварувањето на Програмата за реализација на задачите на Агенцијата во 199 5 година има предвидено премии за отворање на нови работни производни

работни места во износ од 5.800.000 денари. По тој основ нема одобрено ниту денар. Дали е причината слабиот интерес на претпријатијата, или се слабости во сегашните решенија на прописите.

Третото прашање е до Владата, една од определбите во економската политика е поттикнувањето на развојот на мали и средни приватни претпријатија како носители на развојот, бидејќи знаеме дека денешната структура на клиенти на денешните банки се недоволно ефикасни претпријатија со општествена сопственост, а треба да бидат корисници ефикасни мали, или средни претпријатија во приватна сопственост кои немаат доволносопствен капитал, но располагаат со идеи, располагаат со профитабилни проекти, но не се во состојба да понудат осигурување на заемот, или хипотекарен кредит. Голема е веројатноста овие претпријатија да бидат исклучени, што значи да се оневозможи да бидат носители на развојот. Затоа и го поставувам следното прашање, дали во скоро време се размислува на формирање на веќе најавениот државен фонд за гарантирање на инвестирањето во овие претпријатија. Прашањата пожелно е да се одговори во писмена форма, меѓутоа доколку постои можност и сега да се одговори, ќе биде уште подобро.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со третото прашање кое се однесува во сферата на таканаречените проекти за мали и средни претпријатија. Мислам дека вистината е малку поинаква отколку што беше изнесено. Таа може и нас сите да не загрижува. Основниот проблем е нема квалитетни проекти под името на оние кои имаат амбиции да влегуваат во игра со инвестициона активност во доменот на малите и средни претпријатија. И тоа може да доведе до една ситуација невозможна, затоа што Владата прави секојдневни напори и привлекува капитал од надвор кој исклучива

е лоциран за мали и средни претпријатија. И банките кои ги делат тие кредити од таа позиција мораат да ги делат кредитите во сферата на индустријата, земјоделието и занаетчиството, но само во доменот на малите и средните претпријатија. Ако сакате сега стопанствениците оние што се сметаат себе си дека ни се вклопуваат во критериумите за мали и средни претпријатија па- испаѓаат големи претпријатија, тие дури и се лутат сега, а нас кој да не третира?

Идејата за формирање на државен фонд, јас не знам чија е таа идеја. Владата не се определува и не се определила за таква идеа. Вие сите ја добивте макроекономската политика за 1996 година и во овој дел прво ја имате определбата на економската политика во 1996 година во доменот на малите и средните претпријатија.

Второ го имате во доменот на консалтинг претпријатија кои ќе им нудат услуги, а Владата да ги поддржува тие претпријатија затоа што и во едукацијата на кадрите треба да им нудат услуги и во изготвувањето на проекти и тн., а и во понатамошната активност за заживување на тие проекти.

**БЕЌИР ЖУТА**: (продолжение

Да не ја развивам целата концепција што е разработена во макроекономската политика, има само да ве потсетам уште на еден елемент, покрај другите, оние инвеститори кои ќе вложат во 1996 година ќе им се компензира дел од каматата, каматниот удар за да не падне врз нив. Али нема идеи во Макроекономската политика и нема определби за формирање на некакви фондови. Целата концепција е за развој на малите и на средните претпријатија треба да оди во рамките на системот, пазарно на кого ќе крстиме и зошто ветивме дека само така ќе работиме. Може инструментариуми на тековната политика да се утврдуваат што би ја форсирале таа политика со кредити во таа сфера, но не и формирање на фондови. Засега нема такви определби.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Во расправата за стратегија на РМ за развојот во Охрид во форумот за развој на РМ има најава за формирање на овој Фонд. Дали е тоа точно или не?

**БЕКИР ЖУТА:**

Ве молам секое искажување и од разни референти во одредени средини по одредени расправи не треба да се земат дека се тоа ставови на Владата и дека пристапува кон разрешување на такви прашања. Јас затоа се повикав на Макроекономската политика. Но со тоа не го затворам прашањето во едно догледно време, во зависност од тоа како ќе оди развојот да или не, но во овој момент нема такви определби за формирање на таков фонд.

Има збор г-динот Илија Каров

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Најавата не е од референци туку од потпретседателот на Владата Љубе Трпески најавен е Фондот, но точно не се кажа кога се размислува. Тоа ми беше прашањето.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Добро, за другите прашања одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам 5 прашања и се однесуваат за наследството за правда.

Прво, зошто Општинскиот суд Скопје II цели 5 години не сака да го изврши правосилното извршно решение број 4340/92 за иселување на"Дрвометал - Скопје од просториите на АД "Вардар" од Неготино, и ако беше закажано за 14.02.1996 година и со асистенција на полицијата.

Второ, кои се причините што Општинското јавно обвинителство од Скопје не сака да се произнесе по пријавата К.Т.Р - 33/92 изречена на ден 18-06. 1992 година од страна на Општинското јавно Обвинителство - Кавадарци, и по ова прашање оштетена страна е АД "Ваедар".

Со оглед на тоа што овде не го гледам министерот, се надевам, ќе добијам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни

IX/3.-

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, Јас има 3 прашања.

Првото е адресирано до Министерството за стопанство уште на 05.04.1995 година, а можеби одговорот ни е врачен, меѓутоа, јас таков одговор немам добиено.

Прашањето се однесува на следниот проблем: како што е познато Електростопанство на РМ за приклучување на системот на електрична мрежа наплатува приклучна такса што е прилично висока и изнесува зависно од општината и над 1.000 ДМ. Наплатата на таксата "Електромакедонија2 ја наплатува со потребата од инвестиции за проширување на капацитетите на Електромрежата.

Поставувам прашање: "кој е критериумот за висина на таквата, за која намена се земаат таксите, ако се знае дека и при изградба на трафостаници и пратечка мрежа, "Еелктромакедонија" бара средства од граѓаните и тоа многу високи". Ако тоа не го платат граѓаните, таа не ги изведува тие работи што се во нејзина надлежност. Барам одговорот да ми се даде писмено.

До Министерството за сообраќај и врски - со изградбата и пуштањето во употреба на Автопатот Тетово - Гостивар, поголем дел врски, односно вклучување со главниот пат се прекинати. Населените места кои лежат на подножјето на Шара го користат веќе регионалниот пат Тетово - Гостивар. Мислам дека сум јасен, мислам на населените места што се во подножјето на Шара. Тоа население, заправо, вклучувајќи го од Девреште спрема Речица е со над 130.000 жители. Состојбата на тој пат во последните 10 години, доколку се формира комисија и да излезе на лице место, верувајте дека асфалт тука има малку. Значи тој пат е многу лош поради руинираност, што во голема мера го отежнува и го оневозможува нормалното движење на патот.

Од наведените причини го составувам следното прашање: "дали Ресорното министерство предвидува во Програмата за 1996 година да го асфалтира тој дел?". На прашањето барам писмен одговор.

Третото прашање, ќе го поставам, иако некои пред мене од колегите поставија вакво прашање, но сепак ,исто така се определив тоа да го поставам, а за истото ќе барам писмен одговор.

На 08.04.1995 година во Белград се потпиша документ за меѓусебно издавање на Република Македонија и самонаречена Сојузна Република Југославија. Потпишувањето на тој документ следеше од страна на Македонија со потписот на министерот Љубомир Фрчковски од едната страна и од другата страна следеше потписот на Милан Милутиновиќ на самонаречена Социјалистичка Република Југославија. Значи потпишан од двата министри за надворешни работи на двете држави.

Јас сум возбуден, а знаејќи го ставот на ценетиот наш претседателот на Република Македонија Господин Киро Глигоров, кој е многу цврст во тој однос и тоа да се бранат интересите на сите наследници на бившите ЈУ Републики, а секако тука во тие констутивни елементи беше, и на таа Федерација, и Косово. Прашувам, дали овој настан нема да се одрази пред меѓународната заедница и Европската Унија и од други земји и заедници на штета на Македонија и врз други поранешни Југословенски републики, вклучувајќи го и Република Косово како поранешна единка на тој конструктивен елемент.

(од место има некои дофрлувања)

Ти и Томе Стојановски, имате прилика ќе излезете. Бидете внимателни и слушајте ме.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Немојте да разговарате со пратениците.

До крај следиме, па после можеш. Не да ме прекинеш, туку ќе се најдеме во ситуација на содржината на басната "двата волова и волкот".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, и бидете коректни г-дине Харуни и ве молам употребувајте ги официјалните називи на земјите и државите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да потсетам, Република Србија никогаш историски не се идентификувала

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Харуни поставете го прашањето, немојте да водиме расправа .

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Бидете малку стрпливи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето треба да биде многу кратко и јасно. Поставете го прашањето.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Многу кратко и многу јасно. Да потсетам Република Србија никогаш низ историјата не се идентификувала како Југославија и зошто таков континуитет, таа сака да ни наметне. Косово никогаш не било Србија. Црена Гора, ни најмалку не била Србија. Војводина исто така, не била Србија.

Г-дине Харуни, јас ве молам поставете го прашањето.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Промената на тој став на Македонската дипломатија, би ја довело Македонија во независна положба. Дали Македонската дипломатија со таквиот чин не прави обид да ја легализира односно признае Голема Србија под името Сојузна Република Југославија. Доколку е тоа така, за што јас не сум убеден, тогаш Република Македонија треба да внимава и да се штити од Србија која на подмолен начин сака да ја наметне Сојузна Република Југославија врз туѓи интереси. Потсетувам дека и врз интересите на Република Македонија. И да не се најдеме Г-дине Стојановски.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Ама, оставете го Г-дин Стојановски, ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И ние на таа состојба, кога своевремено се најдоа двата волови и волкот од содржината на басната од ценетиот наш преродбеник Н. Јашари. Благодарам што бевте внимателни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бузлевски да даде одговор на прашањето за кое се бараше да се одговори.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Имаше повеќе прашања и јас неслучајно не станав претходно да одговарам, меѓутоа, со оглед на тоа што за ова прашање се инсистираше на усмен одговор, само сакам да потсетам дека за активностите во модернизацијата и изградбата на патната мрежа во РМ треба да се донесе програма. Се додека Владата не ја донесе Програмата,јас не можам за кој патен правец ќе се прави оваа година. Треба да се донесе

Програма, па после тоа таа да се објави, да биде транспарентна и да се има оваа година предвид кои патни правци ќе се прават. Инаку, едно е најавената потреба, а друго она, што ќе се донесе како програма.

Има збор г-динот Харуни, само ве молам немојте со елаборација, туку поставете директно прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине минситре, јас сум незадоволен од ова што вие го рековте овде од говорницата, меѓутоа, така би требало да биде и вашиот одговор, затоа што тој пат до пред Нова година беше интерес на СИЗ-от: од локален тип. Меѓутоа, пред тоа што Владата на Република Македонија ги доставила во Програмата, би сакал во Вашето Министерство да се именува една комисија и нека излезе на лице место. Инаку последните 15 години, ако тука има лопата асфалт ставено, јас исто така треба да излезам пред јавноста и пред вас и да барам извинување. Бидете сигурни дека е толку оштетен

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам не водиме расправа за тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Толку е оштетен, со таксите наменети и за вакви потреби, земени од граѓаните при регистрацијата на коли, товарни возила и др. барем еднаш 2% од тој Фонд да се даваат за реконструкција на тој пат, јас се бев сигурен дека патот во таква положба не ќе беше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да не водиме расправа.

Се додека Владата не го стави во програма, претходно сакам да се формира една комисија за да биде на лице место и да ја констатира фактичката положба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е веќе пратеничко прашаше.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Барам писмено да ми одговорите на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бузлевски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ми се чини дека јас бев прецизен во одговорот. Јас не навлегов во елаборација каква е состојбата на тој патен правец, не навлегов во елаборација под чија надлежност досега бил, не навлегов во елаборација кој на тој патен правец има соодветни активности и дали имал во изминатиот период. Јас едноставно кажав дека за развојот и модернизација на патната мрежа во РМ ќе се донесе Програма. Таа Програма се донесува по претходни активности кои што во еден сегмент ги опфаќаат и изјаснувањата на локалните само- управи за потребите и нивните активности од локално ниво за изработка на целовита програма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани колеги, имам три прашања до Министерството за сообраќај

а се однесуваат за изградбата на пругата Исток - Запад, пруга која што е од битно стратегиско, економско па и политичко значеше за нашата земја.

Првото прашање гласи? "зошто изведувачите на објектот на Железничката пруга не се избрани врз база на јавна лицитација во согласност со позитивните законски прописи што важат во нашата држава, односно со Законот за инвестициони објекти.

Второ, зошто се уште не е утврдена цената на чинењето на изведените работи,поради што наплатувањето се врши по пат на аконтации врз база на времен протокол.

Трето, зошто не се знае рокот на завршување на објектот односно не се знае денот кога ќе се пушти објектот во функција?

Образложение, мислам дека е логично при изградбата на сите јавни објекти во нашата држава да постојат таканаречени јавни лицитации каде што секој субјекти или фирма може јавно да учествува и да се јави на конкурс за преземање на одредени работи на тие работи Во случајов, евидентно е дека таа постапка не е запазена односно се отстапило од Законот за изградба на инвестициони објекти имено, изведувачите кои сега работат на тој објект не минале низ таа фаза на избор преку јавна лицитација.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ**: (продолжение)

Од друга страна постојат некои недоречености кои предизвикуваат доста дилеми, па дури и сомневања за одредени активности за изградба на објектот. Јас не би сакал да поставувам повеќе прашања меѓутоа, би ги назначил пред се, поради одредени јавни информации. Ние знаеме дека тој објект во стартот чинеше околу 120 американски долари, за да потоа таа сума се покачи 226 американски долари и ден денеска веројатно не се знае колку ќе чини тој проект. Молам, за усмен одговор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Претпоставувам се мислеше на милиони. Прашањата се кратки и јасни и заслужуваат соодветно внимание во по мој обид и на прецизен одговор. Активностите за реализација на железничката пруга Куманово Дељадровце - Бугарска граница се почнати поодамна, а некаде во октомври 1994 година се и јавно промовирани. Станува збор и по наша оценка за инвестиционен објект од обласа на јавните работи кој што е економски потребен за нашава држава и кој што има стратешко значење и кој што како таков е вграден во севкупните активности за целосниот ангажман на сите субјекти околу реализација на коридорот Исток - Запад кој што го опфаќа и тој активитет изградба на железничка пруга. Точно е тоа дека за определување на изведувачи не се за овој објект прифаќаат оние одредби од законската регулатива кои што предвидуваат лицитациони постапки и кои што по таков пат треба да се изберат за идни изведувачи на таквите објекти. Но точно е и тоа дека целокупната делница е поделена на четири свои дела и дека тие поодделни делници се распределени на најголемите градежни фирми од Македонија и тоа од причина што се сакаше во тоа време да се убрза постапката околу проектирање на железничката пруга околу дефинирање на самата пруга, околу се она што значеше подготвителна активност за интензивирање на

тие инвестициони ангажмани и во рамките на тоа оценката беше дека најкапацитетно опремени кадровски и друг вид на опрема е лоцирана во тие четири градежни фирми и дека тие најдобро тоа ќе го изведат. Точно е и тоа дека во тој период и во овој претходен од претходната година имаме намалена инвестициона активност во нашава држава, имаме стеснати пазари на кои што традиционално работеа градежните фирми и кои што добар дел од својот капацитет работно го ангажираа на тие пазари, а кои што пазари не по нивна вина се стеснаа и имајќи го предвид и тоа заради работно ангажирање на вработените од тие градежни претпријатија направено е тоа што е направено. Не со цел да се дезавуира некоја законска активност, туку со цел да се забрза тие процеси и заради овие причини да се постапи така. Нормално е што штом тоа не е направено по таа постапка дека нема и единични цели за разни видови на инвестициони работи. Заради тоа во текот на 1995 година во рамките на Владата е формирана меѓуресорска група во која што претставници делегираат сите министерства кои што го сочинуваат тој економски дел на Владата, за утврдување на единичните цени и преку тоа на цената на чинење на вкупниот објект и со нивно интензивно работење се постигна преку изготвување на соо ветна анализа еден елаборат кој што во основа ги опфаќа сите елемент кои што се нужни за формирање на цена за единичните работи како репер од кој што се појде беше цената на изведениот патен правец Берово- Струмица во 1991 година. За да можеме да говориме во овој момент дека и она што беше со тоа пропуштено во дадениот момент е надоместено и е утврдена цената на сите инвестициони активности, а тоа значи кога тие сите ќе се соберат и цена на севкупниот објект како инвестициона активност. Значи станува збор за активности кои што беа присутни во нашето министерство, активности кои што ги координираше нашето министерство со помош на експертите од другите министерства за да се

целата инвестициона активност постави на здрав пат за се што беше непознато во претходниот период да се даде соодветен одговор и тој инвестиционен објект да биде квалитетно и во рок изведен. Потврда на сето тоа дека така е направено и дека е добро направено е постојаното присуство како техничка помош од врвни експерти од наши пријателски земји , кои што веќе имаат делегирано и свој проект - менаџер како врвен стручњак за следење на активностите за следење на оваа инвестициона активност, кои што не застанаа само на тоа да се определат да дадат техничка помош, туку изработувајќи физибилити студија во која што се опфатени сите овие претходно само таксативно наброени елементи се определија да бидат и донатори во висина од 30 милиони марки како кредит по условите на ИДА кој што е и те како поволен, а исто така да бидат и во бисти во сите кредитни институции како лобистичка поддршка на нашите идни настапи за обезбедување на кредитни средства за довршување на овој проект. За многу кратко време, во текот на идната недела ќе се знае и гантограмот за изведување на овој објект. Тоа значи дека тој ќе го определи крајниот рок на изведба на овој инвестиционен објект.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас сум делумно задоволен од одговорот на г-динот министер пред се во делот каде што напомна дека поради брзината на изградбата на објектот, поради забрзувањето на целиот проект, имаме дадено работа на четири наши поквалитетни работни организации да учествуваат во изградбата на објектот без одреден објавен оглас, односно лицитација. Меѓутоа, имам две потпрашања ако е тоа така ако се работи за квалитетни фирми, зошто е дозволено три тунели се пробиени без постојна техничка документација и второто прашање зошто е дозволено на таква градежна работна организација да пробива такви тунели кога за

такво нешто немаат ниту искуство, ниту имаат адекватна механизација, па затоа беше таа работна организација по- нудена да ги даде работите на една светска фирма.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во рамките на определената делница, која што е доверена на "Пелагонија", претпоставувам дека за таа градежна фирма се работи има и соодветна должина на тунели кои што треба да се пробијат некаде 2.800 метра, без граничниот тунел и таа градежна фирма направи џејн- венџер со австриска фирма и тој договор да се вклучи во изведувањето на позицијата тунели на железничката пруга. 33% од вредноста на тунелите потпаѓаат на австриската фирма, а 66% од таа вредност се за градежната фирма "Пелагонија". Значи таа не ги довела да ги изведува таа австриска фирма, туку дел од технологијата за изведување на тие тунели во противвредност од 33% од цената на чинеше на должнометрот го препушта на австриската фирма како реномиран изведувач на такви објекти во Европа.

Околу проектантка документација за изведба на тунелите, она што е пробушено во дадениот момент, се работи за тунел од 80 метра, а во моментот не се присутни одредени активности за бушење на тунелот, се работи за потреба до испитување на тие терени кои што треба да бидат во функција на изработка на проектната документација во рамките на тие наши ангажмани, на токму вака поставените прашања во светот постојат различни искуства кои што се во основа и едните позитивни и другите, дали треба паралелно да се изведуваат работите по од или претходно да се проектираат па да се изведуваат. Тоа е прашаше кое што не е од посебна тежина и кој што не ќе значи некој кикс во изведуваше на таа позиција тунели.

X/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор во писмена форма.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, го користам правото да поставам неколку пратенички прашања. Првото до Владата, за колку лица е зголемен бројот на вработените во органите на државната управа во периодот од 1 јануари 1994 година до денес и на што се должи зголемениот број на вработени. Дали вработу-ањата се извршени во согласност со актите за систематизација и Законот за работни односи и на кој начин се обезбедени средства за плати на истите.

Вториот дел колку лица се вработени во органите на државна та управа, корисници на буџетот, во општина Титов Велес по изборот на новата Влада. Дали нивното вработување е извршено во согласност со актите за систематизација и Законот за работни односи.

Образложение: Фактите зборуваат, односно податоците со кои јас и мојата партија располагаме дека постои тенденција на постојано зголемување на бројот на вработените во органите на државната управа иако Владата јавно декларираше политика а и така настапи во преговорите со ММФ и имаше дури обврска во текот на минатата година вкупниот број на вработени да го намали до јуни за 5% а до декември уште за 5%, вкупно за 10%. Меѓутоа, што се случи. Вкупниот број на вработени во 1994 година кој изнесуваше 64.000, наместо да се намали за 10%, доби спротивен епилог и беше зголемен на 4.000 и бројката изнесуваше на крајот на 1995 година 68.000.

Прашањето го поставувам затоа што мислам дека во последно време е во тренд да се вршат вработувања во одредени подрачни единици и други институции кои се финансираат од Буџетот, прво да се

вработат пицата би рекол потполно на див начин, а после тоа органите на државната управа да распишат конкурс и да ги средат сите административни работи, како што доликува според Законот за работни односи, а не би сакал да го занемарам и фактот на партиската припадност на луѓето кои се селектираат и се вработуваат во органите на државната управа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа веројатно откако ќе го добиете одговорот можеме да разговараме.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Прашањето е упатено до Владата, а не до претседателот на Собранието. Исто така неоспорен е фактот дека во Република Македонија бројот на работниците кои редовно земаат плата во текот на оваа година од 201.000 е намален за 2.000, тоа значи 199 илјади од тој број само 99 илјади вработени во органите на управата земаат редовна плата и 100 илјади вработени во претпријатијата. Значи имаме спротивна тенденција, додека од една страна се намалува бројот на вработените во стопанството исто така се намалува бројот на вработените кои редовно земаат плата, имаме обратна тенденција да се зголеми бројот на вработените на државната управа, што значи дека теретот на тие што и онака не земаат плата секојдневно се зголемува.

Барам писмен одговор на ова прашање.

Второ прашање дали е точно дека во 1995 година Министерството за финансии извршило набавка на телефонска централа во вредност од 800 илјади германски марки. Дали набавката на централата е извршена со распишување на тендер или јавна лицитација, на која би имале можност да се јават повеќе заинтересирани понудувачи со свои понуди

или набавувачот е избран со користење на дискреционото право на министерот за финансии. Податоците со кои располагаме зборуваат дека во минатата година во Министерството за финансии е набавена телефонска централа чЈгја вредност на чинење изнесува 800 илјади германски марки, додека во истата година за компарација е набавена телефонска централа за Министерството за надворешни работи која чини 10 пати помалку, односно 80 илјади германски марки и надополната на тоа е фактот дека Министерството за надворешни работи сепак е институција која комуницира со сите држави во светот и со сите амбасади кои ги има Република Македонија. Информациите со кои ние располагаме зборуваат дека воопшто не е распишана таква лицитација, односно дека не се знаат мотивите, причините и начинот на кој е извршен изборот на понудувачот во конкретниот случај за набавка на таа телефонска централа. Би сакал исто така Владата да достави писмен одговор на ова прашање.

Дали е точно дека за набавка на уметнички слики Министерството за внатрешни работи потрошило над милион германски марки од Буџетот на Република Македонија што се распоредени по полициските станици на Република Македонија и просториите на органите на државната управа. Исто така на ова прашање барам писмен одговор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Бидејќи според член 91 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија Владата на Република Македонија е одговорна за извршување на законите, до истата го поставувам истото прашање.

"Што презела и што ќе преземе Владата на Република Македонија за отстрануваше на евидентните последици од противзаконското спојување односно фузирање на топилницата за олово и цинк "Злетово" и Хемиската индустрија"Велес" од Титов Велес извршено во октомври 1993 година.

Во ставот 2 од членот 113 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се вели дека цитирам "До спроведувањето на трансформацијата не се применува и членот 187-а од Законот за претпријатијата". Што значи дека со закон не се дозволени или ако сакате се забранети било какви статусни промени, поделби, спојувања или припојувања додека трае процесот на приватизација. Инаку за потсетување, членот 187-а од Законот за претпријатијата предвидува цитирам " Одлука за статусни промени на претпријатието, поделба, спојување и припојување донесува органот на управувањето". Поради горе изнесеното сметам дека е неопходно потребно Владата да се произнесе по ова прашање, бидејќи се работи за грубо кршење на законските одредби од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Исто така барам писмен одговор.

Последното прашање, што презема Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за обезбедување на вода за наводнување на земјоделските површини за жителите од село Лисиче Т. Велес што е оневозможено поради работите околу изградбата на хидросистемот "Лисиче". Исто така барам одговор во писмена форма.

XI/2.-

Ја користам приликата да ги замолам министрите Филипче и Шундовски да ми одговорат на поставените прашања од септември минатата година во врска со мерките на одговорност што се преземени против причинителите на хаваријата во Топилницата за олово и цинк Злетово од Титов Велес поради што граѓаните на Велес мораа со денови да дишат страшно нечист воздух и кои мерки се преземени против вработените во органите на државната управа кои не презеле ништо против сторителите на тие работи затоа што известен сум од вработените во тие институции дека од нивна страна и одговори на прашањата а и информација е изготвена уште на 19 септември, па ме интересира каде е застојот дали во Владата или на некое друго место.

Благодарам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

На прашањето е одговорено, но каде е застојот треба да се испита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, во секој случај писмен одговор треба да добие г-динот Коцевски.

Има. збор г-динот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. До Министерството за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина какви се информациите до ова Министерство во смисла .на загаденоста на околината во рудникот Пискупштина во Струга и какви мерки и активности соодветното министерство презема за заштита на еколошката средина.

Второ прашање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Дали ова министерство финансира водоводи во ридско - планинските неразвиени краишта каде што покрај намената на овој водовод за вода за пиење можат да служат и за наводнување на земјоделие.

XI/3.-

Второ прашање до Агенцијата за приватизација односно до владата. Дали во практиката кај моделот менаџерски откуп постои пракса лицата што го преземаат управувањето со претпријатието дивидендата на приоритетните акции да ја користат за откуп на приоритетните акции од Агенцијата со што практично се девалвира овој одел на приватизација и станува речиси бесплатен. Ова затоа што според Законот за продажба на општествениот капитал дивидендата на приоритетните акции што претпријатијата ги издаваат на Агенцијата се до нивното откупување од лицата кои го преземаат управувањето со претпријатијата во рокот утврден со договорот не може да се користи за откуп на приоритетни акции, член 63 став 1 од Законот за продажба на општествениот капитал.

До Министерството за правда. Дали и кога Владата односно конкретно во Министерство за правда има намера да предложи нов закон за невладини организации за да се задоволат новите текови на државното уредување во Република Македонија и да се направи чекор напред во градењето на граѓанското општество кај нас за што со него би се регулирано најчувствителното прашање во оваа област кај нас односно изразувале на еден цел спектар на индивидуални иницијативи на граѓаните животот на слободата и на говорот сето тоа обликувано во еден закон како легален ентитет.

До Министерството за труд и социјална политика. Колкав е бројот на стечајните работници, до ко ј месец се истите исплатени и која е вкупната висина на финансиски средства исплатена за оваа намена.

До Министерството за стопанство. Колкав е износот на акумулирани не платени обврски на крајот на 1995 година кај стопанските субјекти во Република Македонија. Ова заради тоа што заради неликвидност подолга од 60 дена против одреден број на работоправни субјекти е покрената стечајна постапка н второто праша&е

колкав е бројот на рептријацијата спрема кои е покрената стечајна постапка и колкав е бројот на работниците во таквите претпријатија.

До. Министерството за здравство - Фонд за здравствено осигурување - како фондот за здравствено осигурување ќе ги реализира долговите од претпријатијата под стечај и ликвидација од должничко доверителен аспект и дали постои барање, пријава, за своите побарувања како доверител за фианнсирање на здравствените услуги во предвидениот рок согласно член 126 од Законот за присилно порамнување и стечај.

До Министерството за труд и социјална политика. Дали треба договор за работа да се склучува со веќе вработените лица и доколку треба дали истиот ќе треба да се завери во Бирото за вработување. Ако е тоа потребно како ќе постапи работодавецот доколку некој не го потпише договорот за работа. Ова, затоа што во член 14 од Законот за работни односи дека работен однос се заснова со склучување на договорот, меѓу работникот и работодавецот.

До Министерството за стопанство прашање. Дали стечајот е јавен интерес или прикриена приватизација.

Второ, прашање во тој контекст дали купувачот на претпријатието како правно лице во стечај ги презема долговите на купеното претпријатие и неговите работници или само правото на работоправен субјект.

Во тој контекст уште едно прашање што станува со стечајната маса во такви случаеви односно како таа се упаричува?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор во писмена форма.

Г-динот Фаик Абди.

XI/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пртеници, ќе поставката ситни прашања од сиромаштијата.

Во врска со законот за трговија. Со помош на одредени министри односно министрите од стопанствово, урбанизмот и;сообраќајот создадени се реални услови за помош на овие граѓани што се бават со трговија и нивно воведување во одредени простории каде сега живеат и работат и редовно поаѓаат даноци и придонеси од она што следува спрема државата. Таков е случајот во Скопје со Шутекс компани 2, со еден дел од Мавровка, со дел од "26 јули", со дел од "8-ми март" и нај-веројатно некаде во аеродром ќе биде слична. ситуацијата, бидејќи министерот го потпиша решението.

Известен сум дека и во Битола безистен кој беше за никаде го наместија така убаво и уште едно мало безистенче кое ќе биде или биднало, знам дека и во Струмица и незнам уште каде нешто такво се прави. Меѓутоа да кажам и овде бидејќи е за секаква пофалба ситуацијата со оние луѓе кои немаат парични средства да учествуваат во овие работи ги продаваат своите производи пак надвор на улица. Нашата инспекција им ги одзема работите онолку колку што ги има, полицијата е секогаш со нив, граѓаните бегаат, полицијата трча по нив си ги држи капите со пендреци мава, тепа, паѓаат луѓето. Ова му го кажав на министерот Чокревски на минатата седница тој рече само еден тој што тепа еден нека даде изјава кој е тој веднаш го бркам од работа. Кој ќе даде изјава? Една молба и барање до министерот за внатрешни работи нека на својот колегиум малку да им укаже на едно убаво однесување на своите помошници, а помошниците на другите помошници, тие се должни да ги фатат луѓето, да ги легитимираат и да ги дадат на суд. Какво тепање по улици? Каков циркус е тој, тоа е циркус.

XI/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ај ве молам, прашањето.

**ФАИК АБДИ:**

Тоа е циркус. На Бит пазар и на зелено пазарче овде. Ве молам немојте да ме опоменувате.

Второ прашање Република Македонија според преамбулата на Уставот е татковина на македонците, албанците, турците, власите ромите, србите и другите кои живеат овде» Таа е и социјална држава. Скоро во сите градови живее едно бедно население, а има доста урбани средини кои се урбанизираат и луѓето откупија локации по пат на конкурс си ги платија локациите, платија за уредување на земјиштето, меѓутоа, земјиштето не се уредува. Каде се трошат тие пари? Што е ова во нашата држава што се прави. Тоа е многу лошо. Лошо делува и на тие што плаќаа лошо делува и на околината и зборуваат се што. За ова би барал одговор

Уште едно прашање, колку фамилии користат минимум социјална заштита и дали има случаеви во општинските центри да одат комисии каде одат луѓето таму има комисии, а тие комисии одат на лице место кај граѓаните и ако видат дека имаат некои средени колку толку услови за живеење ги одбиваат со мотивација "продајте го телевизорот па живеете". Молам, Владата односно министерството за труд и социјална политика да преземат мерки и да се види што е ова, мислам дек не треба такви да бидеме.

Го молам претседателот друг пат кога ќе има пратенички прашања прво нека се сврти на оваа страна кој ќе дигне рака, па потоа на десната страна.

(со седницата продолжи да раководи, Благоја Филиповски, потпретседател на Собранието).

XI/7.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Писмен одговор барате по овие прашања.

Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пред две години почна да се гради регионалниот пат Дубровини - Скочивир према Кајмакчалан. Кога ќе биде заврпена неговата изградба односно дали годинава ќе бидат асфалтирани преостанатите пет километри. Барам одговор од министерот Бузлевски.

Второ, исто за министерот Бузлевски пролева почна да се гради патот кон Мариово. Се гради до таканаречено огледало на Чебренското езеро. Дали годинава ќе почне да се гради и преку Црна Река?

Прашањето до Министерството за урбанизам. Проблемот со иселувањето на Биљаник почна да се разрешува. Во близината на Битола веќе никнува една нова населба за ова село. Спогодбата за иселување н. Биљаник ја потпишаа грото од неговите домаќинства меѓутоа, пет домаќинства не ја потпишаа дали претставникот на Владата што беше задолжен да работи на оваа проблематика има сознание дека ќе се обноват разговорите на овој план.

Второ, ново прашање за ова министерство и за Министерството за стопанство кога ќе биде решен проблемот со надомест на куќите на село Врањевци кое исто така заради потребите ан нашата држава за јаглен и струја одамна е иселено, во ова село повеќе не постои живот.

Како незадоволник од одговорите на поставените прашања на претходната седница на Собранието на Република Македонија реков дека денеска ќе морам неколку прашања повторно да ги поставам, бидејќи не ја знам нивната судбина зошто досега не добивам одговор на ниту едно прашање. Ќе повторам дека Уставниот суд на Македонија Минатата година поништи повеќе членови од Законот за води, пред извесно време Уставниот суд на Македонија уште еднаш официјално ја поништи и одлуката на СИЗ за водостопанство на Македонија која

повторно пак со одлука на Уставниот суд минатата година беше укината со која укинуваат сите процеси околу воведувањето на надоместоци за наводнување и одводнување за 19 95 година. Сметам дека некој во оваа држава мора да каже дали во сите овие интервенции на Уставниот суд на Македонија во Законот за води нашите земјоделци треба да плаќаат одводнување или не. Сметам дека најавата на битолското водостопанство за поднесување на 600 0 тужби против оние земјоделци кои не сакаат да платат одводнување не е на место и државата мора во скоро време да ги реши овие земјоделци од ваквите неповолни према судот.

Понатаму, уште еднаш го повторувам прашањето Владата на Република Македонија минатата година пропиша гарантирани цени за повеќе земјоделски култури. Станува збор за пченицата,сончогледот, шеќерната репка. Минатата година цената на пченицата гарантирана беше 10 денари меѓутоа, во праксата оваа цена не е применета. Откупната цена на пченицата минатата година беше 9 денари, а во некои подрачја 8 денари. Кога Владата на Република Македонија ќе ја надомести разликата од откупната до гарантираната цена на пченицата. Во Битолскиот дел на Пелагонија приватните земјоделци почнаа да поднесуваат тужби, а вчера официјално во името на 10 илјади земјоделци понесе тужба против Владата и Здружението на приватните земјоделци од Битола, со кое се бара да се надомести овој денар во износ некаде од 30 милиони денари за откуп на пченицата.

XII/1 СЈ/ЛБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (продолжение)

Понатаму, морам да го повторам прашањето во врска со тоа кога ќе биде објавен списокот на•нашата господа што успеа во из- минатиов период да ги истрга заробените штедни влогови од банките. Зошто се молчи на овој план? Ова прашање го поставувам од причина што најголемиот дел од штедачите на девизни средства потекнуваат од нашето подрачје- Битолско.

За Министерството за труд и социјална политика имам едно прашаше, исто така за кое не добив одговор, а во секое време станува се поактуелно. Станува збор за тоа дека пред 13 години во нашава држава беше воведено и доброволно пензиско осигурување на земјоделците. Многу земјоделци го прифатија ова осигурување. Меѓутоа, од непознати причини пред две години фондот за ПИО на Македонија заборави да испрати решение за плаќање на ова осигурување, Прашувам, што ќе биде сега со овие земјоделци кои што 12-13 години плаќаа пензиско осигурување а сега некој преку ноќ им го укина без за тоа да постои закон.

И, уште едно прашање крај вештачката граница кај Грција имаме едно село се вика Кременица. (некој од пратениците реагираат) г-дине, не реагирај толку, да, ќе дојдеш овде, ќе кажеш.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дајте ве молам, повелете.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Во изминатиот период во Кременица е преселено селото Сович. Ова село се наоѓа во близина на селото Живојно. Преселено е заради тоа што цел негов атар беше земен за пошумување и наводна борба со ерозијата на ова подрачје. Ова село, реков, е преселено сега во село Кременица, нема ни педа земја, цело село беше вработено во Комбинатот "Пелагонија" вработувањето престана, и каква е сега судбина та на ова село, а сигурно има и други вакви села како што е Кременица

И, на крајот уште едно прашаше, пред извесно време излезе од печат книгата "Стратегија на развојот на земјоделството, шумарството и водостопанството и водостопанството во Македонија" . Автор на оваа убава книга е бившиот министер за земјоделство д-р Иван Ангелов. Во неа се поместени покрај другото и неколку негови пораки, биографија и др. Прашање: Зошто овој документ не се најде пред Собранието на РМ пред да се објави во една ваква убава книга. Колку средства се вложени за печатење на оваа книга и нејзината подготовка Инаку, имам сознанија дека за подготовката на оваа студија за развојот на Македонија, односно за развојот на аграрот. шумарството и водостопанството се вложени околу 120 илјади американски долари,. Од кои извори се овие средства и дали во услови кога македонскиот аграр се наоѓа во агонија, умира, имаме потреба од печатење на вака убави, луксузни книги во кои што се кажува што треба да се работи во наредниот период во 2000 и која година таму да излеземе од кризата и што е најважно би го прашал какво е мислењето на новиот министер во врска со оваа стратегија и дали сега со менувањето, со новиот министер ќе правиме нова стратегија и една нова ваква книга.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Каков одговор барате на поставените прашања, писмен или усмен. Писмен .

Дали некој од членовите на Владата има потреба да одговори г-динот министер за сообраќај и врски Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во една прилика пред Парламентот кажав дека патниот правец кој што беше овде спомнат Рапеш - Стравина ќе биде во програмата, и тој беше во програмата за негово изведување и во текот на 1995 година

присутни беа инвестициони активности за негово изведување и тоа до оној протест, значи во онаа должина за која што имаме добиено одобрение за градба на тој патен правец. За одредена должина не можеме тоа да го обезбедиме бидејќи надлежното министерство го респектира Чебрен како акумулација и во рамките на тоа потребни се идни активности за да се изведе патен правец кој што ќе биде максимално економичен, во рамките на тоа респектирајќи го и постојниот Чебрен.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Делот на прашањето околу раселувањето на село Биљаник ја сметам дека за нас е скоро завршен. Сметаме дека проблемот е разрешен затоа што голем дел од луѓето кои живеат во тоа село веќе потпишаа спогодби со Електростопанство за нивно раселување и како што кажа и самиот пратеник веќе во предградието на Битола во село Оризари се градат објектите за луѓето кои треба да се раселуваат.

Ја користам оваа прилика да ги повикам и оние пет фамилии кои не ја потпишаа оваа спогодба, уште еднаш да размислат околу понудените услови и доколку тие се прифатливи за нив да ја потпишат спогодбата за што 100% би се разрешил проблемот околу објектите на оваа населба.

Она што би сакал да кажам денес на оваа говорница е тоа да останува уште проблемот околу замена на нивното земјоделско земјиште кое го поседуваат на територијата на село Биљаник со земјиште кое се наоѓа во сопственост на РМ. Веднаш после извршените замени на тоа земјиште ќе сметаме дека во целост е разрешен проблемот со с. Биљаник

Останува слична ваква активност во наредниот период да се објави во селов Врањевци со што и тоа село како село кое е загорзено од депонијата во РЕК Битола ќе биде разрешено.

XII/4.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој од членовите на Владата чувствува потреба да одговори.

Министерот Жута, министер за стопанство.

**БЕКИР ЖУТА:**

За последното прашање кое се однесуваше за стратегијата на развојот и книгата на проф. Ангелов би го кажал следното.

Собранието е информирано и Владата на РМ договорила со академијата на науките и уметностите во соработка со УНДП за изработката на концепцијата за стратегијата за развој на РМ до 2025 година е еден од сегментите на тој глобален развој е и земјоделието како и многу други сегменти што ќе бидат во тој контекст. Овој труд беше предмет на расправа во Владата на РМ. Владата не му даде виза да излезе надвор затоа што во не го има доста работи кои се вон системот односно треба да се координираат со целокупниот развој и на правниот систем и на банкарскиот систем, даночниот систем и многу други потсистеми на економскиот систем во земјата, па дури тогаш да добие преодна виза, инаку тој сега виси во воздухот, доста од мерките што се предлагаат.-

Информацијата би се свела на тоа дека течат активностите преку Академијата на овој план и сигурно е тоа што е договорено, ова е приватна активност на авторот кој сака на тој начин да се однесува

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ;**

Дали уште некој од членовите на Владата да бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На претпоследната седница поставив една серија на генерални, општи прашања, до сите министерства и 10 конкретни, од кои добив само еден нецелосен усмен, исто така еден писмен одговор.

XII/5.-

Овој пат се определив за три многу актуелни прашања и две потпрашања поврзани во тој контекст со многу кратки образложение. Јас располагам со обемна документација, претставки, жалби, протести и тн.

Прво прашање, дали се преземени мерки за актуелниот проблем покривање на незаконското отворање на каналот во близината на с. Шутово - Кичевско и за итно разрешување на правно - политичкиот спор со Термоелектраната "Осломеј" Кичевско со месните заедници Шутово, Стрелци, Гарани, Црвици и другите околни села. Отворањето на овој канал долг 1700 метри и ширина 1,5 метри во средината на зелените површини и тоа во ноќно време, значи скришно, околу 500 граѓани од месните заедници Шутово, Стрелци и околните села ги поттикнуваше на јавно и мирно протестирање од кои им се доставени и писмени реагирања до надлежните министерства и надлежните органи од општината Кичево до највисоките Републички, со кои барале итно затворање на каналот бидејќи со него од големата количина на вода се доведени во опасност не само оштетувањето на обработливите и егзистенцијални Земјини површини туку и нивните куќи и животот на луѓето.

Овие граѓани во исто време бараат да се спроведе нормалната законска постапка за експропријација.

И, едно потпрашање, кој наредил и кому му биле потребни толку полициски сили спротивно со законот за јавните собири и на такво мирно протестирање на граѓаните. Одговор барам од министерството за финансии,за земјоделство, шумарство и водостопанство а потпрашање од Министерството за внатрешни работи. Барам писмен одговор.,

Второ прашање, зошто досега не се преземени соодветни мерки ниту се информирани граѓаните и вработените во Министерството за

градежништво и урбанизам зошто досега не се преземени никакви мерки ниту се информирани граѓаните и вработените во Министерството за урбанизам градежништво и заштита на животната средина- подрачна организациона единица Кичево за незаконито и нееднакво третирање на барањето од граѓаните особено во извршувањето на урбанизацијата и рушењето на куќите и незаконско издавање односно не издавање одобренија за градење на стопански и станбени објекти. И, потрашање, до кога ќе ја брани министерството и не ја разрешува од начални на подрачната единица во Кичево Фанија Пејовска- Лабровска. Група граѓани и поедилнци од Кичево како и вработените во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина , подрачна организациона единица Кичево веќе неколку години имаат поднесено разни претставки до највисоките органи, до поедините министерства и до Владата, Собранието и претседателот на РМ. За овие и слични барања и разрешувања, до денеска не само што не се преземени соодветни мерки туку не се и информирани за нив. Крајно е време во оваа смисла нешто да се направи, инаку се очекува незадоволството на граѓаните од општината Кичево да ескалира до непредвидени и непожелни последици. Одговор барам од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, исто, писмено. До таканареченото министерство за надворешни работи. Барам итно усмен одговор, само прашање без коментар без образложени. Добро е тоа што нашава Република Македонија ја признаваат државите од целиот свет, меѓутоа да ја признаваат признатите држави, а не непостоечките, сурогатите. Прашувам: Дали РМ ја призна таканаречената Сојузна Република Југославија заедно со Република Косово со 10 иљјади и седумстотини км, и околу 2 мили- они албанци односно околу 95% или само во рамките на идниот Белградски пашалук.

Благодарам

XII/7.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, немојте да употребуваме термини, имаше и претходна интервенција на претседателот кои не се вообичаени посебно за соседни земји бидејќи тоа може да носи и други импликации.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да објаснам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Нема потреба да објаснувате.

Пратеникот бараше писмен одговор на поставените прашања. Дали некој од министрите чувствува потреба усно да одговори, (не). Ќе добие писмен одговор.

Има збор пратеникот Славко Котевски.

Дали е тука? (не е тука)

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, почитувајќи го вашето трпени и време кое што е при крај ќе поставам две кратки и конкретни прашања.

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски, министерот за жал не е тука. Прашањето гласи: Зошто се уште во собраниска процедура не е влезена годишната програма за изградба и реконструкција на патната мрежа на РМ која ја предлага СИЗ за патишта на РМ. Дали тоа доцнење може да се протолкува како избегнување на утврдената процедура од страна на Републичкиот СИЗ за патишта или се работи за неажурност во работењето.

Имам уште едно кратко прашање а е упатено до Министерството за урбанизам ,градежништво и заштита на животната средина.

XII/8.-

Дали Републичкиот хидрометереолошки завод врши мерења на одредени податоци и параметри од својот делокруг на работа во градот Ттитов Велес. Дали за тоа има соодветна опрема во градот и зошто, тие податоци ако постојат не се објавуваат преку средствата за јавно информирање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Законот за јавни патишта влегува во процедура идната недела во Влада и веднаш после тоа во Парламент.

По предлогот за донесување на законот за јавни патишта, оној што го утврди овој Парламент носењето на програмата за одржување и инвестирање на патната мрежа е во надлежност на Владата. Заради тоа објективно се чека да се усвои законот за јавни патишта, за да се донесе програмата. Инаку во моментот се работи по една времена програма која и респектира и битните активности во рамките на Републичкиот СИЗ за патишта кој, патем да кажам, законот за јавни патишта се гаси како институција, а се формира фонд на патишта.

XIII/1 ДВ/СЛ

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој од министрите чувствува потреба да даде одговор на поставено прашаше?(Не).

Пратеникот на другиот дел од прашањето ќе добие м писмен одговор.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Јас би поставил две прашања и тоа до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за правда и до Јавниот обвинител на РМ.

Овие денови во Прилеп се случи еден скандалозен чин. Тоа е газење и уништување на македонското знаме во присуство на општинските челници во општина Прилеп, од Собранието.

Кои мерки и кои чекори ги има преземено пред се Јавниот обвинител,Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда околу овој немил настан, а тоа посебно ме интересира и како секретар на образование во Прилеп, бидејќи при овој обид беа малтретирани и малолетни деца, од V до VIII, а кои требаше да настапат со своја програма.

Второто прашање се однесува, односно го поставувам до Министерството за правда, а е во врска со Законот за употреба на знамето на РМ.

Дали е можно на јавни установи во РМ, независно дали се тоа партиски седишта или што и да било, да стојат други знамиња, а тука да не биде државното знаме на РМ. Тука е такво седиштето на ВМРО-ДПМНЕ и Централното во Скопје и во сите општини, каде што никаде не стои истакнато државното знаме, а додека стојат другите знамиња, партиските и знамето кое веќе не е во употреба, сонцето со 16 крака и

дали е тоа во согласност со Законот за употреба на знамето на РМ.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некои од министрите ќе даде усмен одговор?(Не).

Пратеникот ќе добие писмен одговор.

Има збор пратеникот Томе Стојановски.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Имам барање до министерот за надворешни работи, г-дин Љубомир Фрчковски, во прва погодна прилика да има свое излагање пред пратениците за нашата надворешна политика и нашите меѓународни односи.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам на прашања да се задржиме, прашања упатени до Владата и до министрите.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, за да немаме недоразбирање, мислам во овој дом треба да има едно такво излагање , до толку повеќе што министерот пред некое време во еден оригинален и нов начин на излагање , едно слично излагање имаше пред Комисијата за меѓународна политика и надворешни работи и мислам дека е пожелно и ние како пратеници да бидеме запознаени со се она што ни се случува во тој дел многу витален, многу важен. Ништо во тоа не гледам страшно, туку гледам позитивни работи.

Во тој контекст прашање, а тоа е дека и понатаму продолжуваат проблемите на еден дел наши сограѓани при нивните обиди да ја поминат Македонско - Грчката граница.

XIII/3.-

Прашање до Министерството за финансии, на пратеници да им се доставува примерок од "Службениот весник на РМ" од неколку причини:

Ние тука разгледуваме , донесуваме закони, меѓутоа пречистените текстови и се она што значи амандманска и друга расправа ја немаме. Тоа ни причинува потешкотии при нашите комуницирања и со органите на власта, а уште повеќе со граѓаните, бидејќи не можеме да дадеме совети, толкувања и да се ставиме во една улога дека имаме пречистен текст на законот.

Второ на тој начин ќе бидеме во тек со многу работи, пред се кога се работи за одлуки на Уставен суд, одлуки на Влада, и други републички институции, за разни именувања, преименувања, итн., што веројатно ќе ни бидат корисни во нашата секојдневна комуникација.

Следното прашање е до Владата, а таа нека си ги подели обврските, бидејќи многу пратеници денес поставија парцијални прашања од доменот на тоа што значи стечај, што значи стечајни работници и воопшто таа проблематика.

Барам Владата да ни одговори, а во смисла на една своја информација која ќе биде тука доставена и која ќе овозможи расправа по однос на сите стечаи во нашата држава, во периодот на оваа транзиција, со името на фирмите, број на вработени, по можност проценка на капиталот, ако е направена, ако не некоја обична проценка, производството во услови кога тие претпријатија ефективно произведувале и сегашната состојба.

Следното прашање е до министерот за образование и физичка култура.

XIII/4.-

Зошто актуелниот министер, г-ѓата Софија Тодорова не ја повлече наредбата издадена од екс министерот г-ѓа Емилија Симовска, за редовно вработување на професор, стран државјанин во Гимназијата "Кирил Пејчиновиќ" во Тетово, со што се прекршени две одредби од законот. Вработување на стран државјанин со полн фонд на часови и второ граѓанин, странски државјанин кој не го познава службениот јазик на оваа држава.

Следното прашање е околу информацијата што ја имаме дека имаме голем број на граѓани со дипломи од нелегалниот универзитет во Приштина кои се вработуваат во Македонија, со дипломи без нострификација или со нострификација сеедно.

Конкретно прашањето е кој ја врши таа нострификација и како, кој го одобрува тоа вработување и какво упатство во таа смисла имаат општинските заводи за вработување.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали барате писмен одговор на поставените прашања?

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи министерката не е тука, сигурно ќе биде писмен одговор.

**МИТКО ИЛИЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги, имам едно кратко прашање упатено до Министерството за сообраќај и врски и до Републичката заедница за патишта.

Патот што ги поврзува Берово и Радовиш е прогласен за регионален и подлежи на одржување под Републичката заедница за патишта.

Големите снегови и поројните дождови кои паднаа есента, зимата и оваа пролет, доведоа до големо оштетување на овој патен правец кој претставува единствена врска меѓу овие две општини. Дел од овој пат, поточно од с.Владимирово до сечата го користи шумското стопанство "Малеш" - Берово , кое што со самото користење со тешките возила доведе до големо оштетување на овој пат и тој моментално не може да се користи од никакви возила, па дури ни од запрежни.

Поставувам две прашања.

Прво, кој ја има ингеренцијата да го натера Шумското стопанство "Малеш" - Берово да ги исполни своите обврски во исполнувањето на тој пат.

Второ, дали Републичката заедница за патишта планира средства за одржување на тој пат, кој, како што реков, е единствен врска меѓу овие две општини.

Барам писмен одговор.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, имам повеќе прашања што би ги поставил.

Првото прашање е до министерот за стопанство. А прашањето е: дали во случај кога се менува субјектот кој ја врши трговската дејност, а дејноста се врши во ист објект и сосема иста дејност продолжува, покрај исполнувањето на ХТП и санитарни услови е потребна, претходно за подрачните единици и за Министерството за стопанство и употребна дозвола, односно дозвола за пренамена од подрачните единици на Министерството за урбанизам. Ова истото се однесува и за угостителските објекти.

XIII/6.-

Ова прашање го поставувам од причини што согласно Законот за трговија и Законот за вршење на туристичка и угостителска дејност е предвидена употребна дозвола, меѓутоа, не е предвидено во случај кога ист субјект во ист објект врши сосема иста дејност, а се менува само субјектот, дејноста и објектот остануваат, дека повторно е потребно издавање на употребна дозвола, и од причина што различните подрачни единици во РМ различно го толкуваат ова прашање.

Би замолил, бидејќи министерот не е тука, во писмена форма да ми одговори во врска со оваа неусогласеност меѓу различни подрачни единици на Министерството за стопанство и различно толкување на законот.

Второто прашање е до министерот за труд и социјална политика и покрај тоа што е неодамна избран.

Прашањето е зошто здруженијата на трудови инвалиди од скопските општини Кисела Вода, Карпош, Гази Баба, Чаир и Центар, како и од Сојузот на трудовите инвалиди на Град Скопје, веќе 15 месеци не можат да бидат примени од министерот и покрај тоа што упорно бараат таков прием и покрај тоа што таа материја околу трудовите инвалиди е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Третото прашање е до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина.

На 22.03.1995 година поставив прашање, дали Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина предвидува изготвување на прописи со кои се овозможува изградба на поткровја, односно издигање на рамните згради со коси поткровја, односно дали се предвидува изготвување на нови прописи, бидејќи знаеме дека постоеја

прописи кои Уставниот суд ги укина, повеќе од формално, а не од суштински причини и дека се јави еден правен вакум, со што се оневозможува, посебно во Скопје, добивање на околу 10.000 нови станбени единици.

Јас одговор на тоа прашање добив навреме и со него делумно бев задоволен, меѓутоа, во третата точка од овој одговор се наведува и тоа дека и покрај тоа што е се наведено во Министерството се во тек активностите околу преиспитување на можности за правно регулирање на прашања односно материја од оваа област, со подзаконски акт, одлука и слично, особено од причини што за овие цели беа изготвени и посебни студии.

Прашањето е до каде е со изготвување на овие подзаконски акти од страна на Министерството за урбанизам, кои беа најавени во одговорот на. ова пратеничко прашање.

Исто така, имам прашање и до министерот за сообраќај и врски и до Републичката заедница за патишта.

Прашањето е кога ќе се изврши реконструкција на регионалните патни правци за кои постои веќе една година барање а кои само повремено и минимално се одржуваат, а се во доста тешка состојба, така што дури и автобусите од градски превоз често пати го прекинуваат превозот на патниците на овие патни правци, поради нивна неисправност. Тоа се два патни регионални правци. Првиот патен правец е с. Јурумлери , Долно Лисиче, ул."Китка" с. Драчево, а вториот патен правец тоа е с.Драчево, Студеничани, Моране, Орешани, Зелениково.

XIII/8.-

Понатаму имам две прашања до Владата и покрај тоа што често пати тие беа поставувани, меѓутоа, во секојдневниот контакти на избирачите од мојата изборна единица и контактите со граѓаните од општина Кисела Вода , се наметнуваат тие и морам да ги поставам. Тоа се:

Кога Владата намерава да го намали заостатокот на двете пензии на пензионерите во РМ.

Второто прашање е во врска со старата заробена девизна заштеда, односно, дали Владата предвидува измена на овие прописи, односно зголемување на лимитот на денарска противвредност од 100ДМ, за оние семејства кои немаат никакви извори на приходи, особено во оние семејства каде никој не е вработен. Имено, дали Владата размислува во овие прописи да стави, евентуално, компензирање на оваа заробена стара девизна заштеда со долговорите кон јавните државни претпријатија на пример кон Електростопанство и сл.

**БЛАГОЈА ФИЛИП0ВСКИ:**

Дали некој од министрите во Владата сака да даде одговор на прашањата.

**ЈОРГО ШУНДЕВСКИ:**

Околу прашањето за можноста за изградба на рамните проодни и не проодни тераси на колективните станбени згради во Републиката, јас во текот на минатата година дадов одговор на пратеничкото прашање во кое напоменав дека ќе бидат изготвени подзаконски акти. Во меѓувреме во Министерството започнавме со изготвување на нов закон за станбени односи во кој покрај користењето на становите ќе биде ставена посебна глава во однос на одржувањето на станбените згради и тоа посебно околу проблематиката на заедничките простории и да речам рамните

непроодни кровови кои се доста проблематични и кои во својата функција и нивното користење бараат поголемо одржување. Таму ќе биде обработена оваа материја.

Исто така во законот за инвестициона изградба , еден поголем дел околу активностите на идната можна градба на овие објекти, ќе биде децидно опишана и ќе има точно решение како тоа ќе се одвива. И едниот и другиот закон се при крај на нивното изработување, се наоѓаат во јавна расправа помеѓу оние кои ќе ги користат тие закони.

Да кажам дека Законот за станбени односи веќе влегува и во владина процедура, така да многу брзо ќе се соочи овој Парламент со тие закони, па таму ќе ги расправаме сите можни решенија.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг претставник од Владата сака да даде одговор на поставените прашања, усмено?(Не).

Пратеникот ќе добие писмен одговор на другите поставени прашања.

Има збор пратеникот Персида Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, сакам да поставам едно прашање до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Поради кои причини досега, започнувајќи од јануари 1995 година па до денес, не е исплатена остварената премија за млеко на производители на млеко од општина Куманово кои снабдуваат одредени млекари со млеко.

Го молам ресорниот министер, по утврдувањето на состојбата да преземе соодветни мерки и активности за надминуваше на споменатата состојба.

Барам писмен одговор.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, драги пратеници и драги министри, јас ќе поставам едно прашање и тоа до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали е можно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради тешката ситуација во која се наоѓаат, како приватните земјоделци, исто така и земјоделските стопанства, да изнајде средства, односно се изврши авансирање во вештачки ѓубрива, нафта, репроматеријали, сончоглед, семенска пченка, со што би се овозможило есенската сеидба да се дозаврши, а исто така со оглед на тоа што е во почетна фаза и пролетната сеидба.

Затворањето на обврските како на приватните земјоделци така и на земјоделските стопанства би било со исплатата односно откупот на пченицата од оваа година.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Со оглед на тоа дека. прашањето бара дополнителни консултации заради обезбедување на овие барани, авансирање во натура на материјали, по можност во писмена форма што е можно побрзо да се одговори.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

До Министерството за труд и социјална политика го поставувам следното прашање: Кои се изворите за финансирање на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување? Доколку негов извор се средствата од акцизи за гориво тогаш колку изнесува тој дел во проценти и колкави средства се остварени по тој основ во Фондот за 1995 година. И дали сите средства по тој основ се префрлени во Фондот од минатата година. Барам писмен одговор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, најнапред две прашања до Министерството за земјоделие до господинот министер Параќеов. Постои една поголема група на граѓани кои се заинтересирани за таканареченото откажано земјиште своевремено по основ на користење на детски додатоци, по основ на превисоки износи на даноци од земјоделска дејност и по други основи. Па во сегашниот момент на трансформација на општествениот капитал кај претпријатијата и земјоделски задруги кои што стопанисуваат со земјоделско земјиште логички се поставува прашањето за првенствено право на користење под закуп, најнапред на претходните сопственици на тоа земјиште нормално за одреден период на време, гарантирајќи го со тоа основниот услов и по законот за користење и заштита на земјоделско земјиште и истото да се обработува без право на отуѓување.

XIV/2

Прашањето е дали Министерството за земјоделие има изградено став за оваа категорија и структура на граѓани кои своевремено се имаат откажано од сопственоста на земјоделските имоти предвидува првенствено право на користење на нивниот претходно откажан имот за одреден период без право на отуѓување.

Второто прашање е ургентно по однос на тоа кога Министерството за земјоделие и Владата ќе го предложи до Собранието на Републиката Законот за води и дали се предвидува забрзување на постапката за донесување на Законот за води.

Третото прашање се однесува за министерот за правда и министерот за урбанизам. Се однесува на проблематиката за операционализација на Законот за локална самоуправа. Сведоци сме дека иако измина добар период на време од донесување на Законот за локална самоуправа нема никаква операционализација во оживотврорувањето на одредбите од новиот закон во функционирањето на единиците на локална самоуправа.

Прашањето е кога се предвидува донесување на законот за јавни претпријатија, кога се предвидува донесување на законот за јавни патишта.

До министерот за урбанизам, дали се предвидува искористување на правото од член 19 на Законот за локална самоуправа да одредени принадлежности на органите на управата, на органите на власта да можат да се пренесуваат на единиците на локална самоуправа најмногу мислам на проблематиката за урбанизам, затоа што сега имаме една состојба да изготвувањето на плановите и е дадено на јавни претпријатија за изготвување на просторни и урбанистички планови. Донесувањето на планови е мешовито овластување на собранијата на

општините и додрачните единици и Министерството за урбанизам и градежништво. Спроведувањето на урбанистичките планови е на министерството. Контролата е на министерството. Мислам дека овластување на пример како што се урбанистичката инспекција без поголеми образложенија, а има големи аргументи може како надлежност да се пренесе на единиците за локална самоуправа каде што би била поголема ефикасност во спроведувањето и на самите урбанистички планови. Дали се предвидува такво пренесување, дерогирање на надлежноста од органите на управата до единиците на локална самоуправа.

Четвртото прашање се однесува до Министерството за труд и социјална политика. Има една поголема бројка на граѓани кои што претежно потекнуваат од претпријатија кои се задесени со стечајна состојба, или се во многу лоша финансиска состојба, а се на границата на остварувањето на правото на пензија, или правото на 25 години работен стаж за остварување на правото во заводите за вработување. По логиката на одредбите од Законот бидејќи е пензиониот фонд солидарен исплатата на поединечните придонеси за оваа категорија на луѓе се условува со исплатата на вкупниот број на придонеси за сите вработени во тие претпријатија, а ќе напоменам дека се работи за претпријатија кои што немаат никакви реални шанси да ги исплатат придонесите за сите вработени ви за ви закаснувањето на периодот за кој што немаат исплатено придонеси.

Прашањето е: дали Владата на Република Македонија односно ресорното министерство не може да донесе мерка со која што интервентно ќе предвиди за ваквите ситуации и за ваквите стопански субјекти заради задоволување на социјални права од пензиско и секакво друго мислам осигурување да се интервенира да можат тие, таа категорија на работници кои што ете е на границата од неколку месеци

до година дена да го оствари правото на пензионирање, односно правото на 25 години работен стаж да поединечно се примаат уплатите со цел да го задоволат ова право. Бидејќи се работи за прашања кои што треба и некои показатели да се испитуваат освен ова за Законот за локална самоуправа,за другите прашања барам писмен одговор .Со законот за локална самоуправа ако е во можност министерот да ми одговори, или и на тоа прашање да добијам писмен одговор.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Спуштање на надлежноста во однос на спроведувањето и контролата на плановите не е предвидена во Министерството и засега не планираме да се спушти на ниво на локална самоуправа. Тоа е мислам кратко и јасно одговор на првото прашање.

Што се однесува во делот на прашањето каде што се констатира дека надлежноста во изработка на плановите е мешовите, заедничка. Напротив јас кажувам дека изработката на урбанистичките планови за разлика од просторните планови е ингеренција на локалната самоуправа. Она што оваа година, она што го прави министерството е тоа да во брзиот процес на реурбанизација ги финансира изработките и избрзувањето на донесувањето на генералните урбанистички планови со што би отпочнал процесот на реурбанизација на државата. Само во тој аспект министерството се вклучува. Она што е министерството на крајот како посебно што дава согласност дали е планот во согласност со повисокиот изработен план, тоа е мислам предвидено во Законот за локална самоуправа како директна надлежност на Министерството и така ќе се однесуваме понатаму.

Во врска со прашањето за судбината на земјиштето кое што е откажано заради користење на детски додаток или други некои причини, мислам дека тоа прашање се допира и со некои други закони и прописи и ни е потребно проверка. Така што ќе дадеме писмен одговор. За второто прашање веќе кажав дека во планот, во програмата за работа на министерството законот за води е ставен и најскоро колку што ќе бидеме во можност ќе го поднесеме.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас прво бев решен да апстинирам од поставување на пратенички прашања од причини што имам едно поставено пред скоро една година и до денеска немам добиено одговор. Но, еве решив да го повторам уште еднаш. Ова прашање беше упатено до Министерството за правда а гласеше од прилика вака дали судовите надлежни донесуваат извршни, присилни решенија за наплата на надоместокот за ТВ претплата само спрема корисниците на пензија, бидејќи, релативно едноставно е да се наплатат тие преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или такви присилни решенија се донесуваат и спрема останатите граѓани да launch речеме вработени во фирми, приватни, општествени и тн. Тоа е едното прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за сообраќај и врски, а повод за ова мое прашање е големиот број на јавувања. реагирања до пратеничката група на Либералната партија на граѓани кои што во последно време добија, вие знаете доста високи сметки за телефонска претплата и бараа причина, образложение на што се должат така високите сметки. Она што јас го прочитав како образложение беше дека причините се од еротска природа што мислам не ми беше баш

сериозно образложение, меѓутоа, сепак барам одговор писмен дали тие високи претплати се должат на некакви технички пропусти.

Второ дали граѓаните имаат некакви објективни можности да имаат увид во така направените високи претплати. И околу тоа значи би сакал одговор на тоа прашање, се разбира писмено.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, имам две прашања. Едно прашање е од локален карактер врзано за фирма од Кичево, тоа е^Кичевопром',' тоа е поранешна најголема трговска куќа, сега во стечај. Прашањето е упатено до министерот за правда. Патешествието на оваа фирма е од 1990 година, односно 1991 година прв стечај, излегување од таа постапка и минатата година повторен стечај. Сега вработените се поделени на два табори дежураат во една барака, сериозна е ситуацијата, проблем нерешлив. Донесени судски решенија, имаме непочитување од страна на сегашниот стечаен управник. Прашањето е упатено до министерот за правда, до каде е стечајната постапка, односно што ќе се преземе за да се разреши овој случај за Кичево кој е сериозен пред се за вработените кои фактички со ова неработење само губат, а воопшто не добиваат. И случајот ескалира во секој случај и на штета е.

Второ прашање е, ова може да се подели сега, дали е сообраќај и врски или е финансии, а е во врска со регистрација на возила. Сите регистрираме возила, меѓу повеќето давачки е и една давачка од 120 денари на име АМСМ. Прашањето е, ме интересира зошто се наменети овие средства? Дали е тоа за шлепување на расипано возило на одредена далечина ако тоа некому се случи, или не. Поставувам прашање.

И две-три прашан>а врзани се едното со другото, а упатени до министерот за финансии, тоа е: дали можеме, односно кога можеме да очекуваме нов закон за финансиско работење, закон за стечај или банкротство, нов закон за данок за добивка и измена на постојниот закон за плати. Од кои причини ги поставувам овие прашања? Моментално во праксата сведоци сме да при плаќањето на придонесите, односно другите давачки од платите во моментот владее една состојба по мое мислеше нерегулирана, така да сведоци бевме пред оваа седнвца кога се разгледуваше законот за здравство членот 65 од тој закон предизвика прилично полемика од односите кои не се уредени во оваа сфера од финансиското работење, односно овие закони што ги третираат. Па затоа поставувам како прашање, кога може да се очекува нивно донесување?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор ќе добиете во писмена форма.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, имам два прашања до Владата на Република Македонија. Првото прашање е до Министерство за одбрана. Општественото претпријатие "Сувернир" од Самоков Македон ски Брод до скоро односно до првата половина од 1995 година важеше за една од најуспешните организации во Република Македонија. Но, со промена на директорот во првата половина од 1995 година и извршената контрола од надлежните служби веќе состојбите не се такви и состој- бата покажува дека претпријатието работи со огромни загуби. И дека сето досега што беше прикажувано како успешно работење било само на хартија и фиктивно. Со оглед на тоа што ова претпријатие е од наменско производство, прашувам што презема Владата на Република Македонија, односно Министерството за одбрана за средување на состојбите во ова претпријатие.

XIV/8.-

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прашањето гласи: кој стопанисува со пасиштата во Република Македонија и до каде е со донесување на Законот за пасишта? Ова прашање го поставувам од причини што мислам дека сега нема законска регулатива и мислењето се врши кој како знае и умее. На подрачјето на нашата општина од страна на сточари од соседните места се врши користење на пасиштата, а со тоа се причинуваат и огромни штети на месното население.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе ви биде доставен во писмена форма.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во повеќе наврати бев иницијатор за решавањето на проблемите на стечајните работници во РМ, па таа ќе биде и тематиката на моите неколку прашања од оваа говорница поставени до Владата.

Имено, се работи бидејќи индивидуално не можев да дојдам до овие податоци, се работи за пратеничко прашање во форма на одредени статистички податоци кои барам Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да ми ги достави.

Прашањето гласи, колку вкупно стечајни работници има и имало во Република Македонија заклучно со 1995 година и заклучно со март 1996 година со преглед колку од тој број на стечајни работници го примаат додатокот загрантиран со Законот, а колкав број од тие стечајни работници не го примаат?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Второто прашање е - со кој месец е последната исплата на овој додаток?

Трето, вкупниот износ кој што е исплатен за 1995 година по сите основи?

Четврто, кои фирми примаат средства по овој основ за повторно обработување на стечајни работници, со податоци за секоја фирма колку стечајни работници има примено и кој знос за тие сте- чајни работници го има примено како месечна аконтација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Дане Милошевски

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги, јас имам само едно прашање кое е кратно до Министерството за сообраќај и врски, кое гласи:

"Дали оваа година е предвиден а изградба на патниот правец с .Ранковце - с. Грње ?

Ќе дадам само кратко објаснување. Овој пат е во должина 22 км. со кој се поврзуваат неколку села од с. Ранковце преку с. Радивој, с. Станче, с. Голинци, с. Потиште, с. Криви Камен и с .Герман. Значи 7-8 села, 4 од Кривопаланечно и 3 од Кумановскиот крај. Овие села се ридско - планински, кои се разлика од другите се од овој тип ридско - планински, ги имаат задржано своите учители, поточно с. Станче има 28 семејства, до с. Герман со 120 живи семејства. Во 1994 година овој пат беше од локален карактер,а од оваа година наваму е прогласен како регионален пат. Во 1994 година како локален пат, Општинското собрание

успеа да заврши само 6 км. и оттогаш наваму градбата е запоставена, запрена, бидејќи патот е од друг ранг, т.е е регионален пат и е во надлежност на СИЗ-от за патишта на РМ. Повеќе не би образложувал, да кажам во каква состојба сега е тој пат, само да имате предвид дека тешките возила на УНПРОФОР се постојано на овој пат ви движење, према с. Герман и спрема Ранковце.

Одговорот го барам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имам неколку прашања за Владата во лице на претседателот на Комисијата за приватизација. Гледам дека тој не е тука во салата и доколку дојде до крајот на поставувањето на прашања сакам да ме сослуша, а ако не, ќе искористам друга прилика да ги сослушам тие прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседтаеле, г-да министри, драги колеги пратеници, не знам сега дали навистина што ние вака на крај ги поставуваме прашањата, само на овие двајца односно тројца министри овде што останаа и од кои, барем двајцата од нив се најкоректни во договорите према нас, и најдоследно си ја вршат својата работа. А сега треба да поставуваме прашања на оние кои што толку не запоставуваат, кои не не удостојуваат и со присуство, а камо ли со одговори на прашањата што ги поставуваме. Сепак, еве бидејќи се пријавив ќе ја искористам приликава да поставам две прашања.

XV/3.-

Имено, прашањето кое што г-динот Тантаров, почитувани г-дин, го постави во врска со гоеницата и тој фамозен денар, мислам дека конечно треба да се одговори на ова прашање. Јас тоа би го проширил на следниов начин: "конечно ќе одговори ли Владата по која цена е откупена пченицата од индивидуалните производители. По која цена стоковните резерви на РМ ја платија пченицата откупена од индивидуалнтие земјоделци, затоа што беше речено дека заштитната цена е 10 денари плус два денари премија. Како што истакна г-дин Тантаров, а и сите знаеме цело време се ооперира со цена од 9 денари плус 2 денари премија. Па, мене, навистина не ми е јасно по која цена дирекцијата за тековни резерви ќе ја плати цената на пленицата з реколтата од 1995 година. Во рамките на тоа, сметам дека треба да се даде динамика на преземањето на пленицата од страна на дирекцијата на стоковни резерви и плаќањето на пченицата од страна на Дирекцијата. во врска со ова прво прашање, гледам дека министерот за земјоделство си замина, а за стопанство не е тука, можеше да мис е одговори и усно, но по вториот дел мора писмено и со оглед на неговото неприсутно ќе треба да ми се одговори на двете прашања писмено. Меѓутоа барам тоа да биде најдоцна во рок од 10 дена , за да не се случи да биде со реколтата од 1996 година.

Второ прашање - дали конечно се создадени услови да се променат ознаките на граничните камења со Р. Грција и наместо СФРЈ да стои ознака Македонија. Ова во поставувам од аспект што деновиве непосредно имав прилика во тој дел да поминам и навистина скоро на сите камења стои ознаката СФРЈ наместо ознаката Македонија. А мина времето барем доста доволно овие формални страни да се довршат.

XV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник сака да постави пратеничко прашање? (никој)

Бидејќи повеќе никој не сака да поистави пратеничко прашање, констатирам дека нивниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам 42-та седница на Собранието на РМ .

(Седницата заврши во 16,15 часот).